ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-130/9**

**Дата: 06.12.2011**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за култура (во натамошниот текст МК) - сметка на основен буџет (637-12), финансирање на дејности од областа на културата за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на МК за 2005 година за кои е изразено негативно мислење додека пак за наменското и законско користење на средствата на МК не е изразено мислење. Со ревизијата за 2010 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е констатиран напредок во имплементацијата на препораките. Од вкупно 9 препораки имплементирани се 2, 3 препораки се делумно спроведени, а 4 препораки не се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2010 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива. За прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, не изразуваме мислење.

Со ревизијата констатиравме дека МК нема изготвено Национална програма за културата за период од 4 години. Комисиите задолжени за избор на проекти кои ќе бидат поддржани од страна на МК, немаат јасни и прецизни насоки и немаат воспоставено мерливи критериуми во врска со одлучувањето при изборот на проекти од Национален интерес поддржани од МК. Утврдивме дека Годишната програма на МК е дополнувана по нејзиното објавување врз основа на прифатени жалби без да се обезбеди двостепеност во жалбената постапка. Склучените договори со носителите на проектите не содржат одредби со кои ќе се прецизира

намената на одобрените средства ниту пак одредба со која носителите ќе се обврзат да спроведуваат постапки за јавни набавки.

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, ревизијата констатира состојби кои упатуваат на: слабости во изборот на елементите за евалуација на понудите и утврдување на способноста на економските оператори да го извршат предметот на набавката, слабости во изработената проектна документација за изградба на капитални објекти што доведува до потреба од склучување на анекси за вршење на дополнителни и непредвидени работи и др.

Утврдивме дека МК неоправдано му отстапило 20% од тиражот на носителот на набавката задолжен за реализација на проектот за превод на литературни дела од добитници на Нобеловата награда.

Поради неспроведениот реален попис на обврските и побарувањата, неизвршеното евидентирање на склучените договори за поддршка на прифатените проекти согласно Годишната програма на МК, како и констатираните исплати не бевме во можност да се увериме во реалноста и објективноста на прикажаната состојба на обврските во Билансот на состојбата на ден 31.12.2010 година.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во министерството треба да преземат активности кои ќе обезбедат изготвување на Националната стратегија за културата како и утврдување на мерливи критериуми за избор на проекти, измените и дополнувањата на Годишната програма да се вршат согласно постапките утврдени со Законот за културата и останатата релевантна законска регулатива и да се извршат дополнувања на одредбите од договорите за финансирање на проектите во врска со прецизирање на намената на одобрените средства.

Одговорните лица во МК при реализацијата на постапките за јавни набавки да обезбедат услови за правилна проценка на средствата потребни за реализација на набавката, утврдувањето на критериумите за избор на најповолен економски оператор да обезбеди учество на поголем број на учесници во постапката, и да се обезбеди правилно и навремено планирање на сите фази на изградбата на објектите со цел да се минимизира потребата од изведување на дополнителни и непредвидени работи.

Да се разгледа можноста за повлекување на преостанатите дела од добитници на Нобеловата награда кои се наоѓаат кај носителот на набавката на овој проект и истите да се преотстапат на институции кои имаат потреба од нив.

Да се обезбеди целосно евидентирање на достасаните обврски во тековната година и нивно навремено намирување.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на МК - сметка на основен буџет, финансирање на дејности од областа на културата, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на МК за 2005 година за кои е изразено наегативно мислење, а за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи на МК за 2005 година не е изразено мислење.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

– Елизабета Канческа - Милевска, министер од 26.07.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МК се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата" ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на Министерството за култура, како и за усогласеноста со упатствата, воспоставени практики и релевантната законска регулатива.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. МК не ги евидентирало целосно доспеаните обврски спрема добавувачите и краткорочните финансиски обврски со состојба на ден 31.12.2010 година како што се пријавени во Министерството за финансии. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на Министерството за култура, како и за усогласеноста со упатствата, воспоставени практики и релевантната законска регулатива.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2011 до 20.06.2011 кај МК од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходни години - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1 опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година при што констатира дека од вкупно 9 препораки имплементирани се

2, 3 препораки се делумно спроведени, а 4 препораки не се спроведени.
Во Прилог 2 кон овој извештај, дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведувањето на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 19.07.2010 година.

На ден 07.11.2011 година број 21-130/7 примени се забелешки од одговорното лице на субјектот, број 38-12581/3 од 03.11.2011, по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.
Забелешките се разгледани и прифатени се дадените забелешки по точките 4.2.1 и 4.3.2. при што извршени се соодветни промени во утврдените состојби изнесени во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

### 4.1 Усогласеност со закони и прописи

Во согласност со член 63 од Законот за култура, Министерството за култура секоја година во месец мај распишува јавен конкурс за доделување на финансиски средства за проекти од национален интерес од областа на културата. На овој конкурс право на пријавување со свои проекти имаат буџетски институции и небуџетски организации. Во текот на 2010 година за проекти на небуџетски организациии кои обезбедиле финансиска поддршка преку објавениот конкурс и се составен дел на Годишната програма на МК, преку оваа сметка исплатени се средства во вкупен износ од 251.727 илјади денари. За реализација на проекти и програми на буџетски институции од Буџетот на РМ исплатени се средства во висина од 380.330 илјади денари или вкупно исплатен е износ за проекти во сите дејности кои се поддржани од страна на МК во текот на 2010 година во износ од 632.057 илјади денари.

Во постапката за избор на проектите по програмите кои се финансирани од МК во 2010 година констатиравме генерално повеќе слабости кои се однесуват на следното:

4.1.1. Министерството за култура нема донесено Национална програма за културата за период од четири години како што е предвидено со член 9 од Законот за култура. Согласно Законот, Националната програма е акт со кој се утврдуват среднорочната стратегија, целите и приоритетите на културната политика за чија реализација министерот за култура ја донесува годишната

програма. Со годишната програма се утврдуваат програмите и проектите од национален интерес кои добиваат финансиска поддршка од МК.

За избор на програмите и проектите кои ќе бидат поддржани од страна на МК, во согласност со член 64 од Законот за култура формирани се комисии кои имаат задача на министерот за култура да му достават предлог програма со проекти кои треба да добијат финансиска поддршка од страна на минстерството и да станат дел од Годишната програма. Ненавременото донесување на Националната програма предизвикува недостаток на прецизни насоки за комисиите при одлучувањето во изборот на проекти. МК и комисиите немаат воспоставено мерливи критериуми (со исклучок на комисијата за фолклорна дејност) врз основа на кои ќе може да се спроведе егзактно бодовно вреднување на проектите, а актите на министерството кои ја покриваат оваа област (Правилник за критериуми за финансирање на програмите односно проектите по одделни дејности и Стратешкиот план за периодот од 2010 – 2012) се премногу општи и не даваат насоки за објективно одлучување. Кај најголем дел од дејностите не се воспоставени критериуми за определување на висината на средствата кои ќе им се доделат на поддржаните проекти. Поради ова изборот на програми и проектите, како и висината на износот со кои истите ќе се поддржат од страна на министерството се врши врз основа на просудување на членовите на комисиите. Ваквата состојба може да има за ефект поддршка на неприоритетни проекти и несоодветна распределба на средствата според предметот и значењето на проектот.

**Препорака**

Изготвувањето на Националната стратегија за културата како и утврдување на мерливи критериуми за избор на проекти е задача на која треба да работат стручните служби на МК, по усвоените измени и дополнувања на Законот за културата.

4.1.2. Голем дел од заинтересираните лица со пријавите за конкурирање немаат доставено доказ за регулирани авторски права согласно условите пропишани во пријавата на конкурсот за финансирање на проекти од издавачката, драмската, музичко сценската и фолклорната дејност кои се прифатени од страна на комисиите. Со издавањето изданија и изведување на дела за кои не е обезбеден доказ за регулирани авторски права не се почитуваат одредбите од Законот за авторското право и сродните права што може да доведе до покренување постапки пред надлежните судови и непланирани расходи во наредниот период.

**Препорака**

МК да обезбеди примена на усвоената внатрешна процедура за донесување на Годишната програма за националниот интерес во културата во кој е третирано и прашањето за навремена контрола на целосноста на доставената документација.

4.1.3. Врз основа на поднесени приговори од предлагачите на проектите предлог програмите доставени од комисиите се менуваат и дополнуваат, така што Годишната програма донесена од министерот вклучува и поголем број на проекти кои претходно од страна на комисиите биле отфрлени како, несоодветни за конкретната дејност. Во прилог на наведеното утврдивме дека Предлог програмата на комисијата за издавачка дејност содржи вкупно 151 носител на проект со вкупно 291 поддржани дела за издавање, додека Годишната програма е зголемена за 31 носители на проекти со 64 поддржани дела за објавување. Годишната програма во делот за музејска дејност дополнета е со 59 проекти кои не добиле поддршка од комисијата, а од Предлог програмата елиминирани се 19 проекти кои претходно биле поддржани од комисијата, 8 проекти се додадени во Програмата за музичка сценска дејност и 18 проекти во Програмата за фолколорна дејност. Со споредба на објавената Годишна програма и Пречистениот текст на истата утврдивме разлики во бројот на финансирани проекти што значи дека се направени повеке измени во текот на годината по нејзиното донесување и објавување во дневниот печат. Причината за ваквата состојба, одговорните лица ја објаснуваат како резултат на усвоени жалби и дополнителни барања упатени до МК, а по кои решаваат истите комисии назначени од МК со што не е обезбедена двостепеност во постапката. МК повикувајќи се на член 238 од Законот за општа управна постапка неприфатените жалби ги упатува до Владата на РМ - Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на образование, наука и култура со образложение за причините на одбивањето на проектот. Не добивме доказ дека оваа комисија има усвоено доставена жалба. МК нема формирано методологија за висината на средствата кои се распределуваат за проектите, поради што присутна е појава предложените износи од комисиите да се зголемуваат или намалуваат.

**Препораки**

Одговорното лице да преземе мерки изменувањето и дополнувањето на Годишната програма да го спроведува согласно постапките утврдени со Законот за културата, транспарентно и јавно во иста постапка како што и се донесува.

4.1.4. По усвојувањето на Годишната програма на МК, а во врска со доделувањето на средствата на носителите на проектите од национален интерес, МК склучува договори со носителите на секој од проектите кои се прифатени за финансирање. Договорите кои се склучуваат не содржат одредби за намената на средствата кои се доделени, односно не даваат прецизни информации за тоа кои активности од проектот ќе се финансираат од страна на МК. Вака склучените договори не создаваат обврска корисниците на средствата да ги употребуваат доделените средства за намени кои се директно поврзани со целта на проектот и овозможуваат трошење на средствата за други цели. И покрај тоа што со склучените договори носителите на проектите имаат

обврска да доставуваат комплетни финансиски извештаи до МК за потрошените средства констатиравме појава на недисциплина особено кај вонбуџетските корисници на средства кои во значителен процент не доставуваат воопшто или доставуваат некомплетна финансиска документација за користењето на средствата. Непрецизно дефинираниот предмет на договорите и недоставувањето на комплетна финансиска документација од страна на корисниците на средствата оневозможуваат вршење на ефикасна контрола на потрошените средства и искористување на правата за враќање на средствата во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на проектот.

**Препораки**

1. Стручните служби во МК да извршат дополнување на одредбите од договорите за финансирање на проектите во врска со прецизирање на намената на одобрените средства од страна на министерството.
2. Министерството да воспостави мерки за зајакнување на дисциплината особено кај вонбуџетските организации во поглед на навременото и целосно доставување на неопходната финансиска документација како доказ за наменското користење на одобрените средства.

4.1.5. За успешна реализацијата на поддржаните проекти се јавува потреба носителите на проекти да склучуваат договори со добавувачи на различни стоки и услуги. Со оглед на фактот дека во најголемиот дел од случаите процентот на учество на МК во финансирањето на овие проекти е повисок од 50% вонбуџетските здруженија – носители на проекти се обврзани во согласност со член 5 од Законот за јавни набавки за сите доделени договори на свои добавувачи да распишат постапка во согласност со ЗЈН. Од доставената документација не добивме доказ дека вонбуџетските здруженија ја исполниле оваа обврска, а МК нема спроведено контрола на овој дел од работењето. Ваквата состојба им овозможува на корисниците на средствата во финансиските извештаи да прикажуваат цени повисоки од пазарните со што се овозможува ненаменско трошење на буџетските средства.

**Препорака**

Во конкурсите и пријавите кои ги објавува МК да се вклучат информации, а во договорите меѓу МК и корисниците на средства да се предвиди одредба со која корисниците ќе бидат обврзани да спроведуваат постапки за јавни набавки. Инспекциската служба на МК да ја интензивира контролата на вонбуџетските корисници на средства.

**Издавачка дејност**

4.1.6. Извршивме увид во документацијата која ни беше доставена за 37 носители на проекти (корисници на средства) со кои се склучени договори во вкупен износ од 11.903 илјади денари. Во однос на исполнетоста на барањата

поставени во конкурсот утврдивме дека 7 носители на проекти во пријавите за учество на конкурсот за избор на проекти имаат доставено непотполни барања без рецензија, образложение или биографија на авторот што е констатирано и од страна на комисијата, а дополнителни 19 носители немаат доставено документ за судска регистрација на правното лице за издавачка дејност. Сепак, истите се разгледани што не е во согласност со условите наведени во Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес и се прифатени за финансирање. Ваквата состојба ја отежнува работата на комисиите со оглед на тоа што недостасуваат битни елементи за објективно одлучување по доставените пријави.

**Препораки**

МК да обезбеди примена на усвоената внатрешна процедура за донесување на Годишната програма за националниот интерес во културата во кој е третирано и прашањето за навремената контрола на целосноста на доставената документација. Комисиите при одлучувањето да ги разгледуваат само комплетните пријави, а некомплетните да се елиминираат од постапката.

4.1.7. Утврдивме слабости во поглед на контролата на извршеното издавање на делата кои се финансираат со средства од Министерството за култура. Согласно одредбите во договорите и Законот за задолжителен примерок, издавачките куќи имаат обврска да достават одреден број на примероци од финансираното дело до МК и Народната универзитетска библиотека (НУБ). Од извршениот увид утврдивме дека 12 издавачки куќи немаат доставено доказ дека издадените дела се доставени до МК и НУБ, како и 13 издавачи на списанија. За издавачките куќи кои не доставиле доказ до МК за издавањето на финансираното дело, НУБ редовно доставува списоци со дела кои се доставени до нив, но за истиот не е обезбедува доказ за материјално задолжување со приемници. МК нема воспоставено механизам за контрола на почитувањето на одредбата од договорот со кој се утврдува тиражот кој е финансиран со средства на МК при тоа потпирајќи се единствено на доставените испратници од печатницата до издавачката куќа. Поради ваквата состојба не бевме во можност да се увериме во веродостојноста на тврдењето дека сите дела се доставени до НУБ и МК и дека поддржаното дело е издадено во договорениот тираж.

**Препорака**

МК да ги зајакне контролите во поглед на обрската за доставување примероци од поддржаните дела до МК и НУБ во согласност со одредбите од Законот за задолжителен примерок и склучените договори со издавачките куќи. Особено да се обрне внимание на обезбедувањето на веродостојни информации дека сите поддржани дела се издадени во договорениот тираж.

4.1.8. Од средствата предвидени за реализација на програмата за издавачка дејност се покриваат и трошоците за комисијата за лекторски испит во висина од 98 илајди денари, членовите на Советот за македонски јазик во висина од 346 илјади денари, како и за огласи во дневниот печат за објавување на Годишната програма и претплата на дневен печат во висина од 1.314 илјади денари или вкупно износ од 1.758 илјади денари. Со оглед на тоа што се работи за тековни трошоци во работењето на Министерството кои на ниеден начин не се поврзани со програмата за издавачка дејност, не е постапено согласно член 2 од Законот за извршување на буџетот со кој е предвидено буџетските корисници утврдените средства да ги користат наменски. На овој начин се врши намалување на средствата кои се резервирани за оваа дејност, што има влијание на измирување на превземените обврски кон носителите на проекти од оваа програма и нивно пренесување за наредната година.

**Препорака**

Од програмата за издавачка дејност да се врши исплата единствено за цели кои се непосредно поврзани со оваа програма. Тековните расходи да се буџетираат и исплаќаат од ставките кои се предвидени за таа намена во Билансот на приходи и расходи.

**Музејска дејност**

4.1.9. Извршивме увид во документацијата која ни беше доставена за 26 носители на проекти со кои се склучени договори во вкупен износ од 9.612 илјади денари. Кај 9 проекти за кои е исплатен износ во висина од 3.120 илјади денари утврдивме состојби кои не се во согласност со Законот за извршување на буџетот и Законот за културата, во поглед на наменско и законско трошење на средства и тоа:

- На три лица им се одобрени средства во износ од 252 илјади денари по основ на финансирање на магистерски и докторски трудови. Дополнителни 60 илјади денари се исплатени за финансирање на 2 докторски труда од програмата за заштита на културното наследство. Стипендирањето на магистерски и докторски трудови е дејност во надлежност на Министерството за образование и наука. МК ги прифатило барањата и покрај тоа што пријавите од кандидатите се одбиени од страна на Комисијата за избор на проекти за музејска дејност;
- МК исплатило средства во висина од 1.818 илјади денари за 4 проекти за кои не добивме докази дека се од национален интерес во културата, а кои со различни образложенија биле одбиени од страна на надлежната комисијата.

**Препорака**

Одговорните лица во МК за преземат мерки и утврдат контролни механизми за следење на наменското користење на средствата по одобрени проекти и обезбедување отчетност од корисниците.

**Останати расходи**

## 4.2 Финансиски извештаи

4.2.1. Во врска со целосноста и објективноста на прикажаните обврски во сметководствената евиденција на МК констатиравме дека на оваа сметка се евидентирани обврски кон добавувачите и краткорочни финансиски обврски во вкупен износ од 65.655 илјади денари. Согласно Упатството за начинот на трезорското работење, МК до Министерството за финансии има доставено Преглед на достасани неизмирени обврски и расходи расчленети по расходни ставки, во вкупен износ од 400.300 илјади денари. Ревизијата не се увери во точноста на пријавените достасани обврски до месец декември 2010 година поради ненавремено комплетирање и одобрување на потребната документација за евидентирање во сметководството (фактури, времени ситуации, извештаи за реализирани проекти и сл.) како доказ за признавање на истите, што не е во согласно член 2 и член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Според објаснувањето на одговорните лица во пријавените доспеани обврски се вклучени и планирани расходи за работи и услуги кои се очекува да бидат направени во текот на 01 месец 2011 година, Од применат документација во врска со спроведените плаќања до датумот на изготвување на завршната сметка (28.02.2011) утврдивме дека МК исплатило средства за доспеани обврски од 2010 година во вкупен износ од 114.232 илјади денари. МК во сметководствената евиденција не ги евидентира создадените обврски според склучените и реализирани договори за поддршка на проектите прифатени со Годишната програма на министерството. По овој основ во МФ како достасани обврски за 2010 година пријавен е износ од 129.951 илјада денари. Како што е наведено во точката 4.2.1 алинеа 2 од извештајот за сметката 637-10, МК нема извршено фактички (реален) попис на обврските и побарувањата. Поради горенаведените причини не бевме во можност да се увериме во реалноста и објективноста на прикажаната состојба на позициите Обврски кон добавувачи и Краткорочни финансиски обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2010 година.

Одговорните лица во МК имаат воспоставено помошна евиденција во која се евидентираат сите договори кои произлегуваат од Годишната програма на МК по дејности и склучените договори за капиталните проекти.

**Препорака**

МК да изврши целосна евиденција на сите сметководствени документи во деловните книги кои предизвикуваат финансиски промени врз прикажаните состојби во сметководствената евиденција.

4.2.2. Дел од прикажаното салдо на позицијата Други краткорочни финансиски обврски со состојба на ден 31.12.2010 година во вкупен износ од 1.156 илјади денари се однесува на пренесени обврски од минати години (2004 и 2006

година) по договори за кои нема докази дека се реализирани планираните програмски активности во рамките на одобрените средства за финансирање. Причините за ваквата состојба не се утврдени од страна на пописната комисија и стручните служби на министерството и не е даден предлог за нивно отпишување и реално прикажување во деловните книги и финансиските извештаи.

**Препорака**
Со оглед на старосната структура на овие обврски и несигурноста за нивната основаност, МК да ја утврди реалноста и објективноста на прикажаните обврски и можноста да се изврши нивно отпишување.

## 4.3 Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на МК за 2010 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.
Со ревизијата беа опфатени вкупно 34 постапки за јавни набавки спроведени во 2010 година по кои се склучени договори во вкупен износ од 908.139 илјади денари. Исто така поради долгиот рок за извршување на предметот на набавката опфативме и 35 постапки за јавни набавки спроведени во минати години по кои се склучени договори во вкупна вредност од 2.356.273 илјади денари.

4.3.1 При тестирањето на поголем број на спроведени постапки за јавни набавки и нивната реализацијата се покажале слабости во изборот на критериумите кои биле клучни при евалуација на понудите и утврдувањето на економско-финансиската и техничката способност на економските оператори и дефинирањето на делови од предметот на набавката поради тоа што:

- Кај најголем дел од тестираните набавки во кои рокот е елемент во понудата, понудениот и договорениот рок за извршување на работите е пролонгиран. Договорените рокови се пролонгираат поради објективни причини, меѓутоа и поради пропусти во изработката на проектната документација, при што се појавуваат непредвидени работи во изградбата, промена на материјали, ненавремено воведување во работа на изведувачот и друго, што го продолжува времетраењето на изведувањето на работите.
- Квалитетот како критериум во најголема мера се оценува врз основ на елементи како што се број на вработени лица, техничка опременост, број на изведени работи на слични проекти и др. Овие елементи не се гаранција за квалитено извршување на работите и истите претставуваат

минимум услов кој треба да биде исполнет од економскиот оператор, за успешна реализација на предметот на набавката, посебно што кај изведбата на градежните работи носителите на набавките ангажираат подизведувачи за кој наведените елементи не се евалуирани.

- Во делот на постапката во кој се бара од заинтересираните економски оператори исполнување на услови за економско-финансиската и техничката способност кај повеќе набавки МК има воспоставено конкретни критериуми кои ги исполнуваат ограничен број на економски оператори со што директно се загрозува конкурентноста.

**Препорака**

МК при утврдување на критериумите за избор на најповолен економски оператор треба да обезбеди конкурентност и квалитет во реализацијата на договорот почитувајќи ги сите негови елементи.

**Проект: Изградба на концертна сала за Македонската филхармонија**

4.3.2 Изградбата на овој објект е започната врз основа на Заклучок од седница на Владата на РМ и донесена Одлука за изградба на капитални објекти од областа на културата од 26.08.2008 година. Предмет на изградба е концертната сала за Македонската филхармонија – фаза затворена карабина и склучен е основен договор за изведување на градежни работи со градежна фирма во висина од 364.004 илјади денари. Во врска со постапката за спроведување јавна набавка ги констатиравме следните пропусти:

- постапката е спроведена по проектна документација и предмер пресметка изработена од страна на избрано проектантско биро. По извршениот избор на најповолен понудувач, во текот на изработката на Изведбениот проект МК има констатирано потреба од ангажирање на експерт за акустика, со цел да даде свое мислење, забелешки и сугестии на Основниот проект за објектот (од аспект на акустиката) и дополнителна ревизија во поглед на статичката безбедност на објектот. Како резултат на барањата и сугестиите на ангажираниот акустичар и дополнително извршената ревизија се појавуваат измени на позиции во повеќе фази од изградбата на затврената карабина, а особено во делот на количините на материјалите (арматура и бетонски работи) кои учествуваат со 39% или 142.175 илјади денари од основната вредност на договорот. Со увид во последната добиена времена ситуација констатиравме доста високо ниво на исполнетост на предвидените количини за бетонски работи (87%) и армирачки работи (176%), што упатува на заклучок дека со изработката на Изведбениот проект во која се вклучени барањата на експертот за акустика и резултатите од спроведената ревизија на статичката безбедност на објектот во голема мера е предизвикана промена во количините кои се дадени во оригиналната предмер пресметка.

**Препорака**

Изведбата на следните фази на горенаведениот објект да бидат внимателно и навремено планирани со цел да се оневозможи појавата на дополнителни и непредвидени работи, надвор од проектната документација.

4.3.3 Неспорејќи ја потребата од ангажман на експерт од полето на акустика како и референците на ангажираниот експерт преку странска фирма од СР. Германија должни сме да информираме дека истиот работел на проектот без навремено да се спроведе постапка за јавни набавки согласно ЗЈН. Од приложената документација утврдивме дека договор со носителот на работите е склучен на 01.09.2009 година во износ од 15.350 илјади денари, додека ангажман во врска со проектот на експертот за акустика прв пат се споменува во записник од состанокот со проектантот одржан на 10.10.2008 година, односно повеќе од еден месец пред донесувањето на решението за јавна набавка од 21.11.2008 година. Поради ова сметаме дека постапката е спроведена со цел само формално да се задоволат барањата кои ги поставува ЗЈН, а носителот на набавката веќе работел на проектот за акустика на објектот. Со оглед на тоа што ангажманот на лицето не било формализирано со склучување на договор, МК нема извршено исплати се до потпишувањето на договор по спроведувањето на постапка за јавна набавка.

**Препорака**

Министерството во иднина, да обезбеди навремено планирање во целост за сите предвидени активности кои произлегуваат од проектната документација и навремено отпочнување на постапки за јавни набавки согласно ЗЈН.

**Проект: Изградба на „Театар Велес“**

4.3.4 За изведување на градежен дел со партерно уредување, електротехнички, термотехнички и хидротехнички инсталации и инсталации за ХТЗ И ППЗ за објект „Театар во Велес“ МК во месец мај 2008 година има склучено договор со изведувач на работите во вкупен износ од 124.530 илјади денари. Изведувачот на работите целосно ја има отстапено изградбата на објектот на друг подизведувач за што е склучен меѓусебен договор за уредување на односите кој е за 31.132 илјади денари понизок од договорениот износ меѓу МК и изведувачот на работите со што се доведува во прашање реалноста и објективност на договорениот износ за изведување на работите. Не добивме доказ дека носителот на набавката доставил известување до МК за фазите од изградбата кои има намера да ги отстапи на подизведувач, поради што направеното преотстапување на работите не е во соогласност со предвидените услови во Огласот за доделување на договор за јавна набавка. Според објаснувањата од одговорното лице ова известување можно е да било дел од документацијата која е уништена заедно со докумнетацијата за повеќе јавни набавки.

Во текот на реализацијата на овој проект поради констатирани слабости во проектната документација, во текот на 2010 година со спогодбено раскинување на дел од Основниот договор на изведувачот на работите му се одземени работи во вкупен износ од 12.309 илјади денари и дополнителни 26.203 илјади денари во текот на 2011 година. За делот од работите кои се одземени од изведувачот, во текот на 2010 година повторно, со истиотносител на набавката, се склучени два анекси кон основниот договор и еден договор по спроведена постапка за јавни набавки со отворен повик во вкупен износ од 29.329 илјади денари, додека за работите кои се спогодбено одземени во 2011 година, МК до времетраењето на ревизијата, нема доделено нов договор за изведување на работите.

Од приложената документацијата за извршените плаќања во врска со изградбата на овој објект, утврдивме дека исплатени се средства во висина од 56.816 илјади денари.

**Препорака**

МК да обезбеди доследно почитување на сите услови кои се предвидени во објавените огласи за доделување на договори за јавни набавки и доколку воочи одредени проблеми во динамиката и квалитетот на изградбата поефикасно да делува за нивно надминување.

4.3.5 Во текот на изградбата на овој објект констатирани се повеќе пропусти во делот на неизработен изведбен проект за сите фази на градбата, недефинирана висинска кота на објектот, неизработен проект за проширување на сутерен, што предизвикало значително доцнење во реализацијата на изградбата, што подоцна е регулирано со анекс кон основниот договор без утврдена вредност. Со овој Анекс договор продолжен е само рокот за извршување на работите, без прецизни одредби за зголемување на обемот на позициите и количините на материјали кои ќе произлезат од горенаведените пропусти. Со оглед на тоа што изградбата на објектот сеуште не е завршена, а дел од договорените количини со основниот договор се или надминати или скоро исцрпени, висината на износот потребен за комплетирање на објектот може да го надмине лимитот од 30% од вредноста на основниот договор.

**Препорака**

МК да ги следи работите на изградбата на овој објект. Во случај на надминување на законски предвидениот лимит од 30% од вредноста на основниот договор да се спроведе нова постапка за јавна набавка.

**Проект: Превод на литературни дела на добитници на Нобелова награда**

4.3.6 Во текот на 2008 година МК има пристапено кон реализација на проектот Превод на литературни дела на 104 добитници на Нобелова награда. За

подготовка, превод, издавање и печатење на изданијата во тираж од 1000 примероци за секое дело, МК има доделено договор во вредност од 31.932 илјади денари. Во текот на реализацијата на овој проект поради проблеми во поглед на обезбедувањето на авторските права бројот на делата кои се финансираат од страна на МК е намален на 85. По даден предлог на комисијата за изработка на проектна програма за реализиација на проектот, со член 18 од склучениот договор, предвидено е 20% од испечатениот тираж за секое дело да му се предадат на носителот на набавката. Со оглед на тоа што МК во целост го финансира отпечатениот тираж, а во договорот со носителот на набавката не е утврдено за кои потреби ќе се користи преотстапениот тираж, оваа одредба во договорот му овозможува на носителот на набавката да оствари дополнителна заработка со продажба на изданијата финансирани со буџетски средства, што не е во согласност со член 2 од Законот за извршување на буџетот.

**Препорака**
МК да ја разгледа можноста за повлекување на преостанатите дела од носителот на набавката и нивно преотстапување на институции кои имаат потреба од нив. Во иднина да се напушти праксата на склучување ваков вид договори.

**Проект: Поставување на 35 уметнички скулптури во централното градско подрачје на Град Скопје**

4.3.7 Со донесено Решение за потреба од јавна набавка (06.03.2008) и Одлука на Владата на РМ со подоцнежен датум (26.08.2008), МК пристапило кон реализацијата на овој проект преку објава на Конкурс за изработка на идејни решенија за изработка и поставување на скулптури во централното градско подрачје на Град Скопје.

Во рамките на овој проект по направениот избор на поддржани дела од страна на комисијата склучен е договор со авторот на идејното решение на скулптурата „Порта“ во висина од 18.666 илјади денари. По добиената локација за поставување, оваа скулптура доживеала значителни визуелни и промени во физичката големина во однос на прифатеното решение поради што склучен е анекс на договорот со кој авторот на скулптурата е задолжен наместо скулптура да изработи рељефи за скулптура. На овој начин МК го има изменето избраното идејно решение поради што поднесената калкулација на трошоците потребни за изработка на скулптурата не можат да се прифатат за реални и објективни.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точката 4.2. кои се однесуваат на нецелосно евидентирани доспеани обврски на МК на ден 31 декември 2010 година према носителите на проекти одобрени со Годишната програма за 2010 година и носителите на договорените работи за изградба на капитални објекти, ние не обезбедивме основа за изразување мислење за Билансот на состојба.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во Билансот на состојба на ден 31 декември 2010 година на Министерството за култура, сметка на основен буџет 637-12, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1.1. до 4.1.5; 4.1.8; 4.1.9; 4.2; 4.3.3. и 4.3.6. ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за култура - сметка на основен буџет 637-12, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1.1. Врз основа на Одлука на Владата на РМ од 26.08.2008 година, МК е задолжено да изврши изградба на капитални објекти од областа на културата. Имајќи го предвид периодот на реализација на оваа одлука како и материјалноста на потребните финансиски средства за нејзина имплементација кои преку спроведените финансиски трансакции се рефлектираат во финансиките извештаи на МК, од наведените објекти завршени се „Спомен домот на Мајка Тереза“ и „Спомен куќата на Тодор Проески“, во фаза на финализирање е „Музејскиот комплекс Македонска Борба“, додека Стариот театар, Театарот во Велес и објектот на Македонската филхармонија се во фаза на изградба. Поради ова во текот на 2011 година и идните години извесно е дека МК ќе

пристапи кон склучување на дополнителни договори преку спроведени постапки за јавни набавки со цел докомплетирање на изградбата.

Скопје, 25.11.2011 година



1. ________________
2. ________________
3. ________________

________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1.357.933 | 1.326.642 |
| **Вкупно приходи** | **1.357.933** | **1.326.642** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 7.848 | 6.841 |
| Резерви и недефинирани расходи | 1.000 | 26.000 |
| Стоки и услуги | 40.356 | 22.149 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 239.041 | 247.205 |
| Субвенции и трансфери | 257.227 | 290.864 |
| **Вкупно тековни расходи** | **545.472** | **593.059** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 812.461 | 733.583 |
| **Вкупно капитални расходи** | **812.461** | **733.583** |
| **Вкупно расходи** | **1.357.933** | **1.326.642** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 309 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 65.347 | 72.229 |
| Аванси за капитални средства | 0 | 1.853 |
| **Вкупно тековни средства** | **65.656** | **74.082** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 31.741 | 17.539 |
| Материјални средства во подготовка | 943.217 | 556.857 |
| **Вкупно постојани средства** | **974.958** | **574.396** |
| **Вкупна актива** | **1.040.614** | **648.478** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 46.440 | 46.163 |
| Краткорочни финансиски обврски | 19.215 | 26.066 |
| Пасивни временски разграничувања | 943.218 | 558.710 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.008.873** | **630.939** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 31.741 | 17.539 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **31.741** | **17.539** |
| **Вкупна пасива** | **1.040.614** | **648.478** |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРЕГЛЕД** | | |
| **НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА** | | |
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2010 година** | **17.539** | **17.539** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **16.020** | **16.020** |
| Набавки | 16.020 | **16.020** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.818** | **1.818** |
| Останати намалувања | 1.818 | **1.818** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **31.741** | **31.741** |

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за култура**

[redacted]

07. 11. 2011

21 - 130/7

Бр. 38-12581/3
Датум: 03.11.2011 г.

**До Државниот завод за ревизија на Република Македонија**
**Директор г-ѓа Тања Таневска**

Скопје

**Предмет:** Одговор во врска со нацрт-извештаите за извршена ревизија во Министерството за култура за 2010 година
**Врска:** Ваше писмо бр. 21-130/5 од 4.10.2011 год

Во врска со Нацрт-извештаите за извршена ревизија во Министерството за култура за 2010 година, укажуваме за следново:

Министерството за култура е особено загрижено во однос на констатацијата изнесена во Нацрт-извештајот дека „за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива“ Државниот завод за ревизија изразува „негативно мислење“.

Во Нацрт-Извештајот на Државниот завод за ревизија се констатирани само неколку наоди со препораки врз основа на кои е изнесено „негативното мислење“ што би значаело дека во сите сегменти од својата надлежност Министерството за култура работи спротивно на законските прописи.

Културата е исклучително комплексна, хетерогена и суптилна сфера, која во себе содржи три основни компоненти како творештвото, објавувањето на творештвото и заштитата на културното наследство, кои во својата суштина се и комплементарни, но и дијаметрално спротиставени.

Финансирањето на националниот интерес во културата Министерството за култура го реализира со доследно почитување на постојната законска регулатива, респектирајќи ги при тоа и сите специфики кои што произлегуваат од овој процес.При тоа е потребно да се има предвид и бројот на проектите, нивната суштина и нивното значење, кои се

доставуваат до Министерството за култура и кои се финансираат преку Министерството за култура на годишно ниво.

Со оглед на тоа што во Министерството за култура во 2010 година на Конкурсот за финансирање на проекти од националниот интерес се доставени 6500 проекти, а во Нацрт -извештајот се констатирани недостатоци во доследната примена на законската регулатива само кај 40 проекти, односно процентуално помалку од 0,1% од вкупниот број на проекти, цениме дека вашата констатација не е во согласност со фактичката состојба и не може да се генерализира под поимот „негативно мислење".

Во однос на забелешките на ревизијата во начинот на планирањето, спроведувањето и реализација на постапките за јавни набавки, ревизијата констатирала состојби кои упатуваат на извршено поништување на постапките за јавни набавки, поради грешки во проценката на износот на средствата потребни за реализација на набавката, слабости во изборот на елементи за евалуација на понудите и утврдување на способноста на економските оператори да го извршат предметот на набавката, слабости во изработената проектна документација за изградба на капиталните објекти што доведува до потреба од склучување на анекси за вршење на дополнителни и непредвидени работи. Министерствто за култура смета дека овој наод е **неточен и неоснован** и нема доволно аргументи истиот да се препише за недостаток во работата на Министерствто за култура при спроведувањето на Законот за јавни набавки.

Имено, во член 99 од Законот за јавни набавки е утврдено дека за дополнителни и непредвидени работи кои не се вклучени во основниот договор и истите не може да бидат технички и економски одделени од него а се неопходни за неговото завршување, договорниот орган може да го користи овој основ за спроведување на постапка за преговарање без претходно објавување на оглас.Во Законот е содржан и дополнителен услов, дополнителните и непредвидените работи да не го надминуваат законскиот дозволен лимит од 30% од вредноста на Договорот. Министерството за култура за реализаиција на веќе започнати проекти, а се со цел тие успешно да се финализираат има реализирано постапки со преговарање без претходно објавување на оглас, во рамки на дозволениот законски лимит од 30% од вредноста на набавката. Наведените постапки се и во согласност со стандардите на меѓународната практика од областа на градежништвото, како и со познатиот ФИДИК, каде исто така е предвидено при планирањето на средствата за изградба на еден објект да постои 20%, 30%, како дозволен лимит во надминување на првичната проценка при изградбата на одреден објект. Затоа сметаме дека и нашите законодавци ја имаат регулирано оваа

ситуација на начин кој е во согласност со европското и меѓународното искуството за спроведување на ваков вид на постапки. Исто така, укажуваме дека не постои слабост во изработката на проектната документација за капиталните проекти, од причина што од моментот на проектирање, па до добивање на градежна дозвола постои проверка на сите проекти од страна на ревиденти по сите фази, како услов за добивање на градежна дозовола за да се отпочне со градбата. Ревидентскиот извештај е дел од целокупната пропратна документација која се доставува до надлежниот орган за добивање на градежна дозвола согласно Законот за градба. Министерството за култура, ревидентите ги избира во постапка согласно Законот за јавни набавки и истите треба да поседуваат соодветни лиценци, категоризирани според типот на градба, кои ги издава Министерството за транспорт и врски

Исто така, сакаме да нагласиме дека не станува збор за пропусти во изработката на проектната документација, туку напротив, градбата е динамична категорија, која често пати од моментот на проектирање па се до отпочнувањето на градбата, па и самата градба, бара промени во поглед на техничко технолошките решенија, статичка стабилност, заштита на јамата и сл. **Во прилог на ваквиот став, го посочуваме примерот со изградбата на Стариот театар-Скопје, каде што при ископот на градежната јама, се најде на остатоци од стариот театар, заради што теренот каде што беше предвидено да се изврши ископот на јамата, мораше претходно да се расчисти. Заради надминување на наведената ситуација Министерството за култура мораше со изведувачот на градежните работи Бетон Штип да спроведе постапка со преговарање за дополнителни и непредвидени работи.** Оттаму Министерствто за култура, не може, а и не е во согласност со правилата и стандардите за изградба на да не ги превземе сите потребни мерки кои се во функција на изградбата на објектот.

Што се однесува на забелешката за ненавремено воведување во работа, Министерството за култура укажува дека постојат предуслови за почнување со градба, а тоа се: оформување на градилиште, добивање согласност од надлежни институции за пристап на товарни возила, добивање согласност за користење струја и водовод за градилиште, што значи дека откако ќе се создадат сите предуслови, надзорниот орган во согласност со Законот за градење ги воведува изведувачите во изградбата. Истовремено, сакаме да напомнеме дека и она што е совршено испроектирано и предвидено во проектите, односно на хартија, на терен не е секогаш така, односно се јавуваат разни проблеми, почнувајќи од ископот на јамата, темелите и другите фази за кои инвеститорот заедно со проектантот,

изведувачот и надзорот наоѓа решенија за изградбата да тече непрекинато. Од моментот на појавување на проблемот до самото негово решавање, надзорниот орган го запишува тоа во градежната книга и до моментот на отстранување на проблемот мирува рокот на изведувачот за изведба на предметот на договорот. Сево ова се смета за оправдани причини за продолжувањето на рокот. Доколку не постојат оправдани причини за продолжување на рокот, согласно со склучените договори на изведувачот му се наплаќаат казнени пенали предвидени во самите договори.Во прилог на горе наведеното ги доставуваме како

**Доказ 1: Договор со „Бетон" Штип и Времена ситуација кога се одбиваат казнени пенали.**

Од тука цениме дека дел од изнесените наоди кои се однесуваат на примена на Законот за јавни набавки, повеќе се соодветни за препораки за измена на Законот за јавните набавки, отколку за забелешки кои можат да бидат ставени во функција на незаконско работење на Министерството за култура.

Министерството за култура во периодот од 2007-2010 година релизираше вкупно 328 јавни набавки и целокупната документација за повеќето од нив беше доставена на увид на ревизорите. Во Нацрт-извештајот се констатитрани само неколку забелешки заради што цениме дека е потребно Државниот завод за ревизија да ја преиспита изнесената констатација со која целокупната работа на Министерството за култура во овој дел, се квалификува со зборовите „негативно мислење".

Во однос на Нацрт-извештајот за Сметка на основен буџет финансирање на дејностите од областа на културата, во продолжение го доставуваме нашиот одговор со приложени докази и бараме тие да бидат прифатени по следниве основи:

1. Во однос на забелешката под точка 4.1.1. укажуваме дека Националната програма за култура за периодот од 2004 до 2008 година, донесена во согласност со Законот за културата од 1998, е конципирана и донесена како програмски документ без јасно изразени цели и приоритети, како и без акциски план и мерила врз чија основа ќе се следи нејзината примена. Од наведените причини, Националната програма и немаше практична реализација.

Националната програма ги содржеше следниве општи приоритети:

- Децентрализација;
- Балансирана поддршка на културното наследство и современото творештво;

- Подобрување на менаџментот во културата;
- Афирмирање на културниот идентитет на заедниците;
- Соработка со невладините организации;
- Меѓународна соработка со соседите.

Вака дефинираните приоритети не претставуваат насоки кои се релевантни за Годишната програма за финансирање на националниот интерес во културата, туку се главно постулати, односно принципи за работа на Министерството за култура.И во годините кога Националната програма беше со важност истата не беше релевантна за финансирање на националниот интерес во културата.Националниот интерес во проектите по Конкурсот не се идентификува врз основа на ваков вид на документи, туку тој се препознава пред се врз основа на искуствено – стручно мислење кое Министерството за култура го обезбедува преку учество на стручни лица во комисиите кои вршат евалуација на проектите по Конкурсот.Недонесувањето на Националната програма во никој случај не може да го доведе во прашање континуираното финансирање на националниот интерес во културата.

Имајќи предвид дека на културата ѝ е потребен стратегиски развоен документ преку кој државата ќе ги определи начинот, обемот и механизмите на поддршка во културата, со измените на Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 47/2011) е утврдено дека Собранието на Република Македонија донесува Национална стратегија за развој на културата како стратегиски документ со кој се определуваат среднорочните цели и приоритети за развојот на културата и се утврдуваат организациските, финансиските и административните мерки за нејзиното остварување. Исто така, со цел Националната стратегија да има оперативна функција, во Законот е внесено и донесување на Акциски план за спроведување на Националната стратегија, за чиј степен на реализација Министерството за култура ќе биде обврзано еднаш годишно да доставува извештај до Собранието на Република Македонија.Врз основа на Националната стратегија ќе биде изготвен и нов системски пропис од областа на културата.

Во функција на подготовка на нова Национална стратегија Министерството за култура направи анализа на состојбите во областа на културата за периодот од 2005-2011 и подготви Нацрт-верзија на Националната стратегија за развој на културата.Изработката на Националната стратегија е комплексна работа на која и претходат бројни анализи, заради што е потребен подолг временски период за нејзината изработка.

**(Доказ 2:Работна верзија на Националната стратегија за областа на културата и Анализа на состојбите)**

Министерството за култура цени дека многу посоодветен документ за утврдување на приоритетите во областа на културата е Стратешкиот план на Министерството за култура, кој содржи визија и мисија на Министерството за култура и приоритети за работа (и финансирање) во следниот тригодишен период. Приоритетите се операционализираат преку програми кои во себе содржат План за реализација на активностите. Стратешкиот план дава многу попрецизни насоки за работата на комисиите при изборот на програми и проекти кои се од национален интерес .

Во однос на постоењето на мерливи критериуми врз чија основа ќе може да се спроведе егзактно вреднување на проектите, укажуваме дека културата не е лесно мерлива категорија која може едноставно да се квантифицира со мерливи критериуми. Воопшто уметноста не може да се мери со квантитативни критериуми, туку со вредносни критериуми. Во прилог кон ваквиот став ги посочуваме и компаративните искуства на Република Хрватска и на Република Србија каде што дадените критериуми за финансирање на дејностите од областа на културата мошне кореспондираат со критериумите содржани во Правилникот за критериумите за финансирање на програмите и проектите од национален интерес.

**Доказ 3**: Правилници на Република Хрватска и Република Србија

2. Во однос на забелешката под точка 4.1.2. во која се наведува дека голем дел од поднесените и поддржаните проекти доставени со пријавите на Конкурсот немаат приложено доказ за регулирање на авторските права, укажуваме дека дел од проектите поддржани со Годишната програма за финансирање на програмите и проектите од национален интерес не подлежат на Законот за авторското право и сродните права, пред сè, поради рокот на важење на авторското право. Имено, корисниците кои се должни да го регулираат авторското право во најголем дел поседуваат придружна документација што ја доставуваат до Министерството за култура.

**Доказ 4**: Фотокопии од авторски договори со корисници од музичко-сценската дејност, ликовната и галериската дејност, драмската дејност, издавачката дејност и литературата и фолклорот

3. Во однос на измените во Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата (точка 4.1.3), ве известуваме дека во согласност со член 64 од Законот за културата, по конкурсите, односно

новиците од членовите 16, 62, 63, 67 и 68 на овој закон, комисиите, односно надворешните соработници, му предлагаат на министерот за култура кои програми, односно проекти по одделни дејности и работи од национален интерес треба да се содржат во Годишната програма.Измените на Годишната програма се вршат во иста постапка во која и се донесува Програмата. Имено, заради измени на проектите во текот на годината, носителите на проектот доставуваат барање до Министерството за култура, што е во согласност со договорите кои Министерството за култура ги склучува со корисниците каде е наведено „за измени и дополнувања на проектот утврден со овој Договор, корисникот има обврска писмено да побара согласност од Министерството, без која нема да може да ги изврши измената и дополнувањата на проектот. За измените и дополнувањата на проектот утврдени во претходниот став од овој член договорните страни склучуваат Анекс кон Договорот". Барањето за измена на проектот го разгледуваат комисиите кои доставуваат предлог до министерот за прифаќање или одбивање на барањето за промена на проектот. Овие промени предизвикуваат и промени во Годишната програма поради што на крајот од годината се донесува пречистен текст на Годишната програма кој се објавува на веб-локацијата на Министерството за култура.

Притоа напоменуваме дека согласно Законот за културата, министерот за култура не е обврзан да го прифати предлогот на комисиите.

Со оглед на загарантираното право на двостепеност, учесниците на конкурсот имаат право да достават жалба во врска со Годишната програма.

Министерството за култура по основа на доставените жалби постапува согласно со член 235 од Законот за општата управна постапка (ако органот кој го донел решението најде дека жалбата е оправдана, а не е потребно да се спроведува нова испитна постапка, должен е работата поинаку да ја реши и со ново решение да го замени решението што се побива со жалбата) или согласно со член 238 (кога органот што го донел решението ќе најде дека поднесената жалба е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице, а со ново решение не го заменил решението што се побива со жалбата, должен е без одлагање 15 дена од приемот на жалбата да му ја испрати на органот надлежен за решавање по жалбата).

**Докази 5: Доставени жалби до надлежен орган**

**Барање за пренамена на годишна програма**

4. Во однос на забелешката под точка 4.1.4. дека договорите не содржат одредби за намената на средствата кои се доделени, напомнуваме дека Министерството за култура во основа субвенционира, односно не финансира во целост. Заради обезбедување на сите предуслови за

реализирање на културата во Република Македонија, Министерството за култура во согласност со член 61 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05 ,24/07, 116/2010, 47/2011 и 51/2011) има обврска да поддржи проекти на националните установи, проекти на самостојни уметници, проекти на општински-градски и приватни установи, проекти на други правни и физички лица, надоместоци на самостојни уметници, откуп, награди, осигурувања, стипендии и други форми.

Согласно со членот 8 од Законот за културата, Министерството има надлежност и обврска да обезбеди материјални, кадровски услови за развој на културата, да обезбеди услови за континуирано и непречено развивање на културата на сите нивоа, достапност на граѓаните до културата и културните вредности и нивно масовно користење, заштита и развој на културниот идентитет на културата на заедниците и слично. Во таа смисла, Министерството за култура има обврска во поширока смисла да го препознае националниот интерес во културата и да го поддржи со средства од Буџетот. Ова подразбира понекогаш Министерството за култура да се вклучи во финансирање на проекти со минимален процент од нивниот вкупен буџет. Од овие причини, поддршката на проектите во ваквите случаи се наведува со воопштена форма, односно како програмски средства за реализација на конкретен проект.

По поддржувањето на проектот, корисниците при писменото побарување на средствата за исплата, ја наведуваат намената на средствата од Министерството за култура и тоа го потврдуваат во извештајот кој како финален документ се доставува во Министерството за култура. Од овие причини, Министерството за култура средствата во договорите ги детерминира како програмски, кои подразбираат уметничка програма, и материјални, кои подразбираат трошоци за техничка реализација на проектите.

Во согласност со ставот 3 од членот 66 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/2010, 47/2011 и 51/2011), единките се должни да ги користат средствата наменски и по реализацијата на програмите да доставаат извештај до Министерството за култура. Согласно со ставот 4 од истиот член, Министерството за култура има право да врши контрола на наменското и законито трошење на средствата. Исто така, обврската на корисниците за доследно реализирање на проектите и за доставување извештаи по реализацијата јасно се пропишува во членот 4 од Годишниот договор за финансирање, во кој е регулирана обврската на корисниците да доставаат до Министерството за култура финансиски и наративен извештај со

спецификација за вкупните трошоци, како и извештај за остварените приходи по извори најдоцна 30 дена од реализацијата на проектите и програмите (за другите корисници на буџетски средства) или до крајот на годината (за националните установи).

5. Во однос на забелешката под точка 4.1.5. дека во договорите не се содржани одредби според кои корисниците на средствата се должни да постапуваат во согласност со член 5 од Законот за јавните набавки, укажуваме дека Министерството за култура учествува процентуално во вкупниот буџет на проектите, односно не ги финансира во целост.Во Договорите кои Министерството за култура ги склучува со корисниците на средствата е наведено „секој корисник има обврска финансиските средства доделени од Министерството да ги користи наменски, законски, рационално и економично. Законитото користење на средствата претпоставува почитување на сите законски прописи ,не само на Законот за јавни набавки. Доследното почитување на законските прописи е обврска на корисникот на средствата, за што раководното лице на корисникот на средствата е одговорен пред законот. При тоа напоменуваме дека при редовната контрола на работата на субјектите, особено на здруженијата на граѓани и установи кои се корисници на поголеми буџетски средства, од страна на ревизијата и инспекциската служба на Министерството за кутура, не се констатирани наоди дека средствата се користени спротивно на Законот за јавните набавки..

**Доказ 6: Резимеа на ревизиите на вонбуџетски корисници на средства**

6. Во однос на забелешката под точка 4.1.6. дека во издавачката дејност документацијата по конкурсот била нецелосна, напомнуваме дека во интерес на содржината на проектот, комисиите се составени од релевантни претставници од одредените области и во најголемиот број случаи апликациите ги доставуваат веќе познати автори или издавачи кои веќе учествувале на конкурсите на Министерството за култура. Придружната документација, на пр. биографија на авторот или не доставувањето на документ за регистрација на издавачот, во услови кога таква биографија или документ постои во документацијата на Министерството за култура, врз основа на претходен Конкурс не е основ за елиминирање проектот од натамошна евалуација, кој по својата содржина преставува проект од национален интерес. Таа е дополнително објаснување на проектот и е важна за авторите кои немаат изданија зад себе.

7. Во однос на забелешката под точка 4.1.7 за примената на Законот за задолжителен примерок, укажуваме дека во согласност со член 12 став 1 од Годишниот договор за издавачка дејност, „***Корисникот има обврска да ги исполни обврските од Законот за задолжителен примерок и најдоцна до 1.11.2010 год. да ги испрати до НУБ „Климент Охридски" - Скопје петте задолжителни примероци.***", корисниците ги доставуваат задолжителните 5 примероци до НУБ „Климент Охридски" - Скопје.

За реализирањето на проектите, согласно со став 2 и став 3 од членот 12 од Договорот, „Корисникот е должен до НУБ „Климент Охридски" - Скопје да достави и други примероци, и тоа: 50 примероци од реализираните прозни изданија, 50 од поетските, 15 од монографиите, односно 30 од ЦД-ромовите, како и 50 примероци од секој број на списанието.

Корисникот е должен да достави по 10 примероци од секој поддржан наслов до Министерството за култура. "

Одделението за издавачка дејност ја следи нивната реализација на 2 нивоа - со доставување готови примероци до Министерството за култура и одреден број примероци според видот на публикацијата до НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје.

Корисникот има обврска да ги достави испечатените примероци до Министерството за култура со придружно писмо, но со оглед на тоа што обврска на корисникот е доставување на примероците, а не придружното писмо за процесот на доставување, Министерството за култура ги прифаќа и ги евидентира доставените примероци. Одделението повторно врши проверка за реализацијата на изданијата и за нивното доставување до Националната установа „Св. Климент Охридски" - Скопје според официјалниот допис/известување доставено од Установата која, всушност, е задолжена за евидентирање, чување и користење на испечатените публикации во РМ. По извршените проверки на 2 нивоа и добиените потврди, се пристапува кон понатамошно исполнување на одредбите од склучениот договор.При тоа во надлежност на НУБ „Св.Климент Охридски е начинот на кој се регулира доставувањето на испечатениот примерок во Библиотеката.

**Доказ 7: Известување од НУБ „Св. Климент Охридски" за доставување на испечатени примероци подржани од МК**

8. Во однос на забелешката под точка 4.1.8 дека од програма 10 се покриваат трошоци за Комисијата за лекторски испит, Совет за македонски јазик и огласи, заради ограничените буџетски средства на Министерството за култура потребни за оваа намена раздел 180.01. Министерството ги

исплаќаше средствата за Комисијата за лекторски испит, Совет за македонски јазик и огласи од издавачка дејност како најблиско сродна дејност со споменатите активности. Исплаќањето за овие активности од наведената програма се врши години наназад за што Министерството за култура немаше забелешки во ревизорскиот извештај на Државниот завод за ревизија од 2005 година.

Напомнуваме дека средствата за оваа намена се планирани на почетокот на годината на оваа ставка и се потрошени наменски за работтата на наведените тела. Сепак, Министерството за култура во планирањето на следниот буџет за 2012 година ќе постапи по укажаната препорака за соодветно сервисирање на овие средства односно да не се исплаќаат од програма 10 раздел 180.01-други трансфери.

9. Во однос на забелешката под точка 4.1.9. дека од музејската дејност се финансирани магистерски и докторски трудови, укажуваме дека со прописите за заштита на културното наследство е утврдена постапка за избор во стручни звања. Во законите од оваа област се пропишани услови и постапка под кои лицето може да се стекне со стручно звање. Меѓу другото, како услов е предвидено да има завршено магистерски студии (за избор во звањата виш конзерватор, виш библиотекар, виш кустос, виш филмолог), односно да има завршено докторски студии (за избор во звањата конзерватор-советник, библиотекар-советник, кустос-советник, советник-филмолог). Бидејќи се работи за стручно–научни професии, процесот на нивната континуирана едукација е неопходен и еден од суштинските услови за унапредување на дејноста, па поради тоа е даден и како еден од условите за избор во стручно звање. Консеквентно на ова, Министерството за култура смета дека финансиската поддршка само на одбраната на магистерските и докторските студии во рамките на годишните програми е оправдано и од аспект на Законот за заштита на културното наследство и од аспект на усовршување на кадарот како главен носител на стручно–научното дејствување во областите.

10. Во однос на забелешката изнесена под точка 4.2.1 укажуваме дека во посебни прегледи се евидентирани сите обврски кои произлегуваат од склучените договори за поддршка на проектите прифатени со Годишната програма на министерството и од склучените договори за реализирање на капиталните проекти на министерството. Во посебните прегледи се следи реализацијата на секој од склучените договори. Овие прегледи и беа доставени на ревизијата. Договорите не се евидентирани во сметководството на министерството поради тоа што со еден корисник се

склучени повеќе договори за реализирање на проекти од различни дејности и со тоа се усложнува евидентирањето во сметководството. Ве молиме во извештајот да се наведе дека постои евиденција за вредноста на сите склучени договори кои произлегуваат од Годишната програма на Министерството за култура по дејности и склучените договори за капиталните проекти и редовно се следи и ажурира нивната реализација. Прилог Табели и Прегледи за дел од проектите по Годишна програма и капиталните проекти

Во делот на Препораката по точката 4.2.1 во која укажувате да се усогласи состојбата на евидентираните доспеани обврски со пријавените во Министерството за финансии ве известуваме дека, пријавувањето на достасаните а неисплатени обврските во Министерството за финансии се врши најдоцна до 10.01.2011 година согласно Упатството за трезорско работење, а книжење на обврските кои се однесуваат на периодот до 31.12.2010 година се врши и во месеците јануари и февруари 2011 година кога пристигнуваат финансови документи за периодот до 31.12.2010 година.

Со оглед на изнесеното неможе да постои целосно усогласување и совпаѓање помеѓу евидентираните обврски во билансот на состојба по завршната сметка за 2010 година и пријавените обврски до 10.01.2011 година во Министерството за финансии. Имајќи го предвид наведеното сметаме дека во Препораката по точката 4.2.1. треба да се избрише делот: "и да ја усогласи состојбата на евидентираните доспеани обврски со пријавените во Министерството за финансии".

Министерството за култура во 2012 година ќе ја согледа можноста сметководствено да ги евидентира сите обврски кои произлегуваат од склучените договори.

**Доказа 8: Преглед на дел од прегледите од кои се гледа следењето на Договорите и нивната реализација кои произлегуваат од годишната програма и капиталните проекти**

**4.3. Користење на средства согласно со Законот за јавни набавки**

11. Во однос на забелешките под точка 4.3.1 алинеја 1, Министерството за култура укажува дека при спроведувањето на јавните набавки, доследно во целост е почитуван Законот за јавните набавки, член 161, во кој критериумот рок, односно времето за извршување на работите како критериум е користено во општиот критериум за доделување Договор за јавна набавка – економски најповолна понуда и овој критериум секогаш е бодиран од 10 до 20 бода, што претставува мал број бодови во однос на

другите критериуми за бодирање. Министерството за култура предметните јавни набавки настојува да се завршат во утврдениот рок, кој единствено се пролонгира доколку постојат објективни причини кои и согласно Законот се оправдани причини, погоре објаснети.

Во однос на забелешките во точката 4.3.1. алинеја 2, во која се наведува дека квалитетот како критериум се оценува врз основа на елементи, како што се: број на вработени лица, техничка опременост, број на изведени работи на слични проекти кои се користени како критериуми за бодување во согласност со членот 161 став 2 и став 3, тие секогаш одговараат на предметот на договорот за јавна набавка. Овие критериуми се користени и како минимум критериуми без кои не би можел да се реализира договорот за јавна набавка, како и за да се изврши избор на најповолен и квалитетен економски оператор за реализација на предметот на набавката. **Доколку сметате дека Министерството за култура не определило доволно соодветни критериуми за бодување за ревидираните комплексни постапки за јавни набавки, ве молиме во вашиот Конечен извештај да ни посочите конкретни критериуми за бодување кои нема да ги вклучуваат бројот на вработени лица, техничката опременост, бројот на изведени работи на слични проекти, времето на изведување и слично, а со кои би можело да се оцени кои економски оператори се доволно компетентни за реализација на капиталните проекти што ги реализира Министерството, со цел Министерството понатаму да ги користи во идните јавни набавки.** Истовремено укажуваме дека во согласност со Законот за јавните набавки во тендерските документации е предвидена можност изведувачот да ангажира подизведувачи за дел од договорот за јавната набавка, додека за квалитетот на изведените работи одговара економскиот оператор кој е избран според утврдените критериуми од тендерската документација.

Во однос на забелешките во точката 4.3.1. алинеја 3 во која се наведува дека се бара заинтересираните економски оператори да исполнуваат услови за економско-финансиска и техничка способност со критериуми кои ги исполнуваат само ограничен број економски оператори, со што директно се загрозува конкурентноста, истакнуваме дека овој ревизорски наод не е точен од причина што во согласност со член 151 и член 154 од Законот за јавните набавки, економските оператори можат да бидат поддржани економски и технички од страна на други субјекти. Исто така, економските оператори согласно со Законот за јавните набавки можат да настапуваат како група на понудувачи, со што не се загрозува конкурентноста во однос на споменатите критериуми, а се обезбедува потребниот квалитет за

реализација на соодветниот договор. Строго поставените критериуми никако не значат елеминирање на конкуренцијата, туку напротив истите преставуваат основ за оправдана селекција на економски оператори кои се подобни да го реализираат предметот на набавката.

**Истакнуваме дека вашите ревизорски наоди наведени во точката 4.3.1 алинеи 1, 2 и 3 се релевантни, пред сè, за подобрување на постојната законска регулатива која ја опфаќа областа на јавните набавки, а не можат да бидат забелешки на работата на Министерството за култура бидејќи ова министерство е должно да ги применува сите одредби од Законот за јавни набавки онака како што се предвидени во истиот.**

**Доказ 9: Извадок од Тендерска документација бр. 39-898/21 од 14.3.2008 год.**

**Проект: Изградба на Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Музеј на ВМРО и Музеј на комунистичкиот режим**

12. Во однос на забелешките од точката 4.3.2. за изработка на восочните фигури за музејскиот комплекс „Музеј на македонската борба", а која се однесува на восочните фигури, цениме дека е потребно да ви дадеме пошироко објаснување поткрепено со факти и докази. Имено, Министерството за култура, како носител на изградбата на овој капитален објект, беше задолжено да изработи програма за презентација на историјата на Република Македонија претставена преку восочни фигури на личности и настани од нејзината историја. За таа цел, првично беше предвидено да има 40 восочни фигури и 5 сцени што ги предложи тимот од историчари кои истражуваат и работат на оваа проблематика. Министерството за култура на 12.6.2007 година донесе Решение за потреба од јавна набавка бр. 38 Меѓународен ограничен повик бр.1/07 бр.32-5595/1, за изработка на 40 восочни фигури и 5 сцени на личности и настани од историјата на Република Македонија. По истекот на законските рокови предвидени во Законот за јавни набавки „Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2004 и 109/2005, во Министерството за култура во врска со оваа јавна набавка не пристигна ниту една понуда, па согласно со Законот за јавни набавки, постапката се поништува и комисијата му предлага на министерот да ја повтори постапка, за што и донесе Решение за невршење на избор на најповолен понудувач бр. 32-5595/5 од 24.07.2007 година. На 25.7.2007 година министерот за култура донесе ново Решение за потреба од јавна набавка бр. 42 и објавува Повторен меѓународен ограничен повик бр. 2/07. На повторниот меѓународен ограничен повик не беше доставена ниту една понуда согласно со Законот за јавни набавки, по што Комисијата му

предложи на министерот да го поништи Решението и да побара согласност од Бирото за јавни набавки да почне постапка со преговарање, бидејќи согласно со Законот за јавни набавки се исполнети условите од член 67 став 1 алинеја 1 („Службен весник на РМ" бр. 19/04).

**Доказ 9: Целокупна документација од Меѓународна ограничен повик Јавна набавка бр. 38/07 и Јавна набавка бр. 42/07 за изработка на 40 восочни фигури**

По добивањето на Согласноста од Бирото за јавни набавки 23-32335/4 од 08.10.2007 година, Министерството за култура почна постапка со преговарање согласно со Законот за јавни набавки кој тогаш бил во примена. Министерството за култура, соочено со проблемот за реализација на овој проект, за кој дотогаш во Република Македонија немаше искуствена практика и за прв пат се спроведуваше ваков вид набавка, почна процес на истражување на специјализирани музеи кои изработуваат восочни фигури, и тоа: Мадам Тисо - Лондон, Музеите на восочни фигури во Петербург, Москва, Прага, Киев и во Америка, по своја иницијатива, но и со помош на амбасадите, оствари средби со голем број од нив, заради изнаоѓање соодветно решение согласно со законските прописи и согласно потребата од рационално користење на Буџетските средства.

Првата средба МК ја оствари со Музејот на восочни фигури „Мадам Тисо", а делегацијата ја предводеше министерот за култура Арификмет Џемаили. На состанокот ни беше кажано, а и подоцна добивме писмо, дека политиката на „Мадам Тисо" не е комерцијално изработување по порачка восочни фигури, туку дека станува збор за партнерство, со јасно утврден процент на заработка и задржување на брендот „Мадам Тисо", што во никој случај не одговараше на нашата концепција. Во разговорите што ги водевме успеавме апроксимативно да ја дознаеме цената на чинење на една восочна фигура која изнесување 88 илјади фунти.

**Доказ 10 : Целокупната коресподенција со Музејот Мадам Тисо Лондон**

По остварената средба во музејот „Мадам Тисо" во Лондон, Министерството за култура оствари средби со Музеите на восочни фигури во Петербург, во Прага и во Москва, Факултетот за уметност во Прага, и притоа се соочи со проблемот со високи цени и со примената на Законот за јавни набавки.

**Доказ 11: Останата кореспонденција со амбасади и Академијата за уметност во Прага**

По овој долг процес на средби и разговори, Министерството за култура испрати Покана за поднесување понуда бр. 59/07 за изработка на 40 восочни фигури на личности и настани од историјата на Република Македонија, преку нашите амбасади, до г. Зденек Пречлик и г. Томаш Вејдовски – Прага, „Mosoblereserve“ – Москава, Музејот на восочни фигури во Петербург и до Амбасадата на РМ во Киев.

По добиената документација од страна на понудувачите ни беа доставени и одговорите на понудите во кој не известуваат за следново: од Прага не известија дека понудата не им одговараат условите наведени во поканата, бидејќи претежно станува збор за уметничко дело, фирмата „Mosoblereserve“ – Москава, понуди цена 48.516 ( четириесет и осум илјади петстотини и шеснаесет) евра за една фигура, а целосниот износ за изработка и транспорт на сите 40 восочни фигури ќе чини 1.940.640,00 евра.

Амбасадата на Република Македонија во Украина веднаш по добивањето на Понудата остварила контакт со претставникот на компанијата Специјална опрема во Украина и нивниот договорен партнер, украинскиот Музеј на восочни фигури, кои што изразиле интерес за соработка.

**Доказ12: Писма од амбасадата на Република Македонија во Украина**

На оваа понуда, меѓу другите, фирмата Специјална опрема во Украина и нивниот договорен партнер, украинскиот Музеј на восочни фигури, поднесоа понуда до МК, во која е дадена цената за изработка на една восочна фигура која изнесува 698.973,00 денари, при што е образложено по ставки што се опфаќа понудената цена. Со оглед на тоа што доставената понуда беше прифатлива за МК, Комисијата ги разгледа пристигнатите документи и му предложи на министерот да донесе Решение за избор по што се пристапи кон склучување Договор.

**Доказ 13: Јавна набавка постапка со преговарање бр.59/07 со целокупна документација и преписки**

Во период од една година, тимот од историчари задолжени за хронолошката презентација на историјата на Република Македонија предложи да се дополни поставката со нови ликови, за што се создаде потреба од почнување на нова постапка за јавна набавка .

На крајот на 2008 година Министерството за култура објави јавен оглас со отворена постапка за изработка на нови 65 восочни фигури. На

јавниот повик се јави само еден понудувач, економскиот оператор Специјална опрема – Скопје. По разгледувањето на целокупната пристигната документација и извршената евалуација, Понудата на единствениот економскиот оператор Специјална опрема за Комисијата беше во целост прифатлива и му предложи на министерот да донесе Решение за избор бр. 44-171/6 од 02.02.2009 година, по што се пристапи кон склучување на Договор со единствениот учесник во постапката.

**Доказ 14: Јавна набавка Меѓународна Отворена постапка бр. 79/8 со целокупна документација**

Наодот дека цената на восочните фигури од вториот договор е повисока за 53% од првиот договор не е точна, а тоа се потврдува и со доставеното известување од економскиот оператор дека ова зголемување произлегува од сменетите пазарни услови, односно зголемените цени на сите материјали потребни за изработка на восочните фигури, односно во текот на реализацијата на првиот Договор фирмата Специјална опрема за првпат реализирала ваков вид јавна набавка, па согласно со тоа, искуствено во втората јавна набавка ги воочила сите недостатоци и недоследности кои иделе на нејзина штета, што резултирало со корекции во втората јавна набавка кои се одразиле на цената на чинење на една восочна фигура. Во Анализата која Министерството ја побара од фирмата, детално се образложени ставките каде имало промена на цените и причините кои довеле до тоа. Односно ако се види нивната пресметка во реализацијата на првиот и вториот договор, со сите пресметани трошоци и давачки, ќе се увиди дека една восочна фигура во просек чини 13.504 евра, а остатокот од сумата го сметаат за заработка на фирмата.

**Бидејќи постои сомнеж во реалноста на цените што го изразува Комисијата која вршеше ревизија на работењето на Министерството за култура, факт кој го загрижува Министерството, би ви биле благодарни доколку Државниот завод за ревизија ја испрати истата Комисија или за оваа намена ќе формира нова за да изврши Ревизија во фирмата Специјална опрема во делот на набавката на восочните фигури, за целосно расветлување на случајот, што ќе биде во полза на двете страни.**

Доказ 15: Допис од фирмата Специјална опрема и Анализа за трошоци за восочни фигури доставена од Специјална опрема ДОО – Скопје

Што се однесува на наводот дека склучениот договор со економскиот оператор е непрецизен и дека во него се наброени само елементите кои ја сочинуваат вкупната цена на чинење на една фигура, цената на транспортот на фигурата до Скопје, на костимографијата и останатите административни и манипулативни трошоци, Министерството за култура смета дека овој навод на ревизијата е неточен бидејќи во трговијата постои практика еден предмет да се набавува под цена „Франко Скопје", а и во тендерската документација во точка 4.3.2 прецизно е наведено што сè треба да содржи цената на една изработена восочна фигура, цитираме: „Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно". Посебно истакнуваме дека во приложениот модел на договор кој е составен дел на тендерската документација и кој треба да биде потврден од економскиот оператор при доставување на понудата децидно е наведено што се□ содржи цената. Цитираме: „изработката на ____ восочни фигури предмет на овој Договор да ги реализира и изработи на начин во се како во проектната програма која е составен дел на Тендерската документација __________ од __________20__ година, доставената Понуда заведена под арх. бр. ____________ од __________20___ година, кои се во прилог на овој Договор;

- изработка на костими за восочните фигури предмет на овој Договор во се согласно барањето со опис доставено од страна на Набавувачот.
- транспортирање на комплетно изработените __восочни фигури до Скопје и нивна достава на адреса која ќе ја посочи Набавувачот.
- обезбедување на сите потребни административни и манипулативни процедури во врска со предметот на набавката".

**Притоа напомнуваме дека ниту во Законот за јавни набавки не постои одредба со која сме обврзани да бараме разложена цена по ставки, а по конкретна јавна набавка согласно со Законот се бодува вкупната цена.**

Министерството за култура назначува дека и во понудата цената е образложена - што сè опфаќа вкупната цена на чинење на една восочна фигура.

Во реализацијата на овој проект за восочни фигури наменети за Музејот на македонската борба за државност и самостојност, Музеј на ВМРО и Музеј на комунистичкиот режим, Министерството за култура, не само што постапило согласно со законските прописи, туку и како добар домаќин се грижело за рационално и економично користење на буџетските средства.

Во интерес на целосно расветлување на предметниот наод, за кој основано тврдиме дека не е точен, во прилог ви ја доставуваме целокупната документација на Министерството за култура, со сите преписки со посочените субјекти.

**Доказ 16: Извадок од Тендерската документација бр. 39-12820/3 од 12.11.2008 год. и модел на договор**

**Проект: Изградба на концертна сала за Македонската филхармонија**

13. Во однос на забелешките од точката 4.3.3., а во врска со забелешките за склучениот Анекс-договор за дополнителни и непредвидени работи за објектот Македонска фихармонија Скопје, укажуваме на следново: овој анекс-договор е направен во согласност со Законот за јавните набавки, односно се исплатени средства не повеќе од 30% од вредноста на Основниот договор и тоа е направено од причина што по извршената ревизија на ИЗИС е констатирано дека е потребна поголема статичка безбедност поврзана со челичната (лушпа-покрив) конструкција којашто треба да се врзе само на две точки од конструкцијата. За тоа требаше да се зголеми арматурата и марката на бетонот. Не се точни наводите на ревизијата дека е предизвикана промена на карактеристиките на градбата, поради што количините кои се дадени во оригиналната предмер-пресметка се нереални и потценети - карактеристиката на градбата останува и градбата ќе биде и понатаму Македонска филхармонија. Министерството за култура не ја менува градбата, туку напротив, поради сложеноста на овој објект, мораше да се извршат дополнителни анализи, од акустика и од статичка стабилност, а Министерството за култура, како инвеститор, и понатаму ќе продолжи да ги презема сите мерки согласно со Законот за градење и светските стандарди за статичка стабилност на објектот, кои се погоре објаснети и, нормално, барањето на акустиката како најголем аргумент за овој објект, бидејќи во спротивно, без акустика, ќе се наруши функцијата на објектот.

14. Во однос на забелешките од точката 4.3.4. за начинот на ангажирање на господинот Јорг Кумел како експерт по акустика, ве информираме дека на изготвениот проект за акустика од страна на најстручниот во оваа област во Р. Македонија, г. Трајко Трајков, се најде забелешка од пошироката експертска јавност дека во делот на акустиката на концертната сала Министерството за култра ќе мора да консултура експерт од оваа област, бидејќи станува збор за доста комплексен објект, бидејќи доколку се дојде до промашување во овој дел, концертната сала нема да ја има потребната

намена. По долготрајни напори да се најде експерт за акустика за концертни сали, Министерството за култура стапи́ во контакт со г. Јорг Кумел по препорака на директорката на Македонската филхармонија Маја Чаначевиќ.

**Доказ 17 : Писмо од Македонската филхармонија**

По остварениот контакт со господинот Кумел, беше замолен да дојде во Република Македонија и да даде само свое видување на проектот од аспект на акустика, односно дали изработените проекти за електрика, машинство од страна на Македонија проект ќе влијаат на акустиката на концертната сала. По разгледувањето на проектите, господин Кумел најде забелешка дека во делот на машинството ќе мора да се разработи проектот за да се добие акустичен простор што ќе соодветствува на една концертна сала.

За ваквиот негов ангажман, Министерството за култура нема исплатено парични средства и нема направено оштетување на буџетот. Ангажманот на г. Јорг Кумел, со богата експертска референца, во чија работна биографија е содржано и реконструкцијата на Бољшој театар, е во согласност со член 11 став 4 од Законот за културата според кои министерот за култура може да именува надворешни соработници за реализаицција на определени проекти од национално значење за културата.

По ова, а имајќи ги предвид укажувањата на експертот, Министерството за култура ја согледа потребата и неопходноста и одлучи, во интерес на изградбата на ваквиот објект, да спроведе меѓународна отворена постапка по чие законско спроведување, согласно со закон, е склучен договор со единствениот учесник во постапката - економскиот оператор „MULLER-BBM INTERNACIONAL GMBH". Не е точен наодот дека само формално е спроведена постапката за јавна набавка, од причина што станува збор за објавена меѓународна отворена постапка, а Министерството за култура не може да предвиди дека на конкретната јавна набавка ќе се јави само еден економски оператор, односно право на учество имаат сите заинтересирани учесници. Учеството на економскиот оператор „MULLER-BBM INTERNACIONAL GMBH" во никој случај нема поврзаност со остварените консултации ( односно првично да даде негово согледување за изготвениот проектот за машински инсталации и неговото влијание на акустиката на концертната сала) ниту пак е на штета на конкурентноста на економските оператори со оглед на тоа што се работело за отворена меѓународна постапка.

Минстерствто за култура потенцира дека г. Кумел беше ангажиран само да даде видување на проектот ценејќи го неговото знаење во оваа област, за што не доби никаков паричен надомест, а Предметот на јавната набавка за

која што е избран економскиот оператор „MULLER-BBM INTERNACIONAL GMBH“ е изработка (проектирање на основен и изведбен проект вклучувајќи го и проектанскиот надзор за просторна акустика заедно со акустични мерења и градежна физика за објектот Македонска филхармонија Скопје, и во ништо не кореспондира со услугите што ги има претходно дадено Јорг Кумел на Министерството за култура.

**Доказ 18: Јавна набавка бр. 81/08 Меѓународна отворена постапка 20/08 за изработка на основен и изведбен проект за акустика**

**Проект: Изградба на „Театар Велес“**

15. Во однос на забелешките од точката 4.3.6 за проектот: Изградба на објект „Театар Велес“, ве известуваме дека во согласност со Договорот за изменување и дополнување на Основниот договор, којшто Министерството за култура го има склучено со самиот изведувач на работите заведен под наш арх. бр. 44-8/214 од 30.09.2010 година, тој се однесува само за продолжување на рокот за изведување на работите, а врз основа на предлог од внатрешната ревизија на Министерството за култура согласно со оправданите причини наведени во самиот овој договор. Со овој договор не се опфатени вишоците на позиции и количини од причини што тоа е веќе регулирано со одредбите на основниот договор во согласност со член 73 став 2 и нема потреба од повторување на истото со склучување на нов договор.

**Доказ 19: Договор бр. 44-8/214 од 30.09.2010 год. и Договор бр. 39-300/36 од 15.05.2008 год.**

Износот на основниот договор бр. 39-300/36 од 15.05.2008 год. за изведување на градежен дел со партерно уредување, електротехнички, термотехнички и хидротехнички инсталации и инсталации за ХТЗ и ППЗ за објектот Театар во Велес, склучен со „ЕУРОПРОЕКТ“ ДООЕЛ Тетово, изнесува 124.530.414,00 денари.

1. Спогодбите со кои се раскинува дел од Договорот се следниве:

- Спогодба бр. 44-6229/1 од 13.04.2010 год. за спогодбено раскинување на дел од договорот за позиција 4.1 и 4.2 од ред. бр. IV , Челични конструкции од Предмер и пресметката на техничките карактеристики на работите (спецификација), во вредност од 2.856.011,50 денари.
- Спогодба бр. 44-8/121 од 21.06.2010год. за спогодбено намалување на вредноста од член 6 став 1 на Договорот за износ од 196.540,27 денари.
- Спогодба бр. 44-8/122 од 21.06.2010 год. за спогодбено раскинување на дел од договорот за позиција 10.1 од ред. бр. X , Фасадна алуминиумска столарија од Предмер и пресметката на техничките карактеристики на

работите (спецификација) без последната Ф26 Ф100 вент. решетка, во вредност од 4.477.302,36 денари.

- Спогодба бр. 44-8/131 од 24.06.2010 год. за спогодбено раскинување на дел од договорот за позиција 8.3 и 8.4 од ред. бр. VIII , Фасадерски работи и позиција 15.9 од ред. Бр. XV, каменорезачки работи од Предмер и пресметката на техничките карактеристики на работите (спецификација) во вредност од 4.975.519,56 денари.

- Спогодба бр.48-4549/1 од 29.03.2011 год. за намалување на вредноста на договорот за позиции кои нема да се изведуваат и Анекс-договор бр. 48-4549/2 од 29.03.2011 год. за измена и дополна на Договорот во вредност од 26.203.182,70 денари.

**Доказ 20**: Спогодба бр. 44-6229/1 од 13.04.2010 год.

- Спогодба бр. 44-8/121 од 21.06.2010 год.
- Спогодба бр. 44-8/122 од 21.06.2010 год.
- Спогодба бр. 44-8/131 од 24.06.2010 год.
- Спогодба бр. 48-4549/1 од 29.03.2011 год.
- Анекс-договор бр. 48-4549/2 од 29.03.2011 год.

Договори за изменување и дополнување на Договорот со кои се дополнува основниот договор се следниве:

- Договор бр. 44-6224/9 од 10.06.2010 год., за изменување и дополнување на Договорот за изведба на променетите позиции од дел IV точка 4.1 и 4.2, Челични конструкции, согласно предмер-пресметката во Понудата арх.бр. 44-6224/3 од 19.04.2010 год., во вредност од 5.393.388,24 денари.

- Договор бр. 44-11243/11 од 13.09.2010 год., за изменување и дополнување на Договорот, за изведување на променетите позиции од предмер пресметката од основниот Договор за надворешна фасадна алуминиумска столарија, согласно предмер-пресметката во Понуда арх.бр. 44-11243/6 од 31.08.2010 год., во вредност од 9.800.443,74 денари.

**Доказ 21**: Договор бр. 44-6224/9 од 10.06.2010 год.

- Договор бр. 44-11243/11 од 13.09.2010 год.

Вкупниот износ на склучените спогодби со кои се раскинува Основниот договор изнесува 38.708.556,12 денари и износот на Основниот договор изнесува **вкупно 85.821.858,00 денари**.

Вкупниот износ на договорите за изменување и дополнување на Основниот договор изнесува **15.193.831,98 денари**, што претставува 18% од дозволените 30% согласно со закон.

Според горенаведеното, не станува збор за надминување на лимит од 30% од вредноста на Основниот договор, на којшто се повикувате во точката

4.3.6 од вашиот Нацрт-извештај, туку станува збор за 18% од дозволените 30% од вредноста на Основниот договор.

Во согласност со тоа, во конкретниот случај нема да дојде до реализација на вкупно дозволените 30% согласно со закон, туку ќе се реализираат 18% и со тоа нема да дојде до надминување или исцрпување на лимитот од 30% од вредноста на Основниот договор.

Истовремено, ве информираме дека Договорот бр. 44-11217/12 од 27.10.2010 год. за изведба на мермерна фасада, којшто е склучен со истиот носител на набавката, е по спроведена нова постапка за јавна набавка со отворен повик во 2010 година и тој не е составен дел на Основниот договор како што се повикувате вие во точката 4.3.5 став 2 од Нацрт-извештајот.

**Доказ 22:** Договор бр. 44-11217/12 од 27.10.2010 год.

**Проект: Превод на литературни дела на добитници на Нобелова награда**

16. Во однос на точката 4.3.7 од Нацрт-Извештајот која се однесува на реализација на проекто: Издавање на дела од добитници на Нобелова награда, ве известуваме дека Министерството за култура стапи во контакт со избраниот економски опреатор од кој беше побарано да даде писмено образложение во однос на начинот на потстапувањето со отстапениот тираж од 20% кој што се наоѓа кој истиот, на кое барање е одговорено дека економскиот оператор нема остварено дополнителна заработка во однос на овој тираж економскиот оператор го иам дадено како подарок на свои соработници и деловни партнери со кои соработува и како доказ за истото ви приложуваме известување со приложени докази дека останатиот тираж е даден на подарок. Остатокот на тиражот којшто се уште се наоѓа кај економскиот оператор ќе биде вратен во Министерството за култура со цел за запазување на законитоста во овој случај.

**Проект: Поставување на 35 уметнички скулптури во центалното градско подрачје Град Скопје**

17. Во однос на забелешките од точката 4.3.8., како дел од конкурсот за изработка на скулптури се и избраните релјефи за објектот „Порта" кои стручно спаѓаат во категоријата скулптури. Терминолошки скулптурите се разграничени од меморијалните споменици и спомен-обележјата коишто се дефинирани во Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата и со Законот за градење. Вака предвидените релјефи се поставуваат на објектот „Порта", кој во никој случај, и според намената и според содржината, не може да се категоризира како меморијален споменик. Имено, со подигањето на меморијални споменици и спомен-обележја се

одбележуваат значајни настани и личности од историјата и културата на Република Македонија, а скулптурите се чисто уметничко дело и визија на самиот автор.

Министерството за култура, бидејќи не постоеше друга локација ниту, пак, можеше да одбере друга, ја прифати локацијата што ја даде општината Центар, согласно со ДУП „Мал ринг“, а за да се реализира ова уметничко дело, Министерството мораше да го зголеми и неговиот габарит поради неговото вклопување во просторниот амбиент. Не станува збор за измена на избраното идејно решение, а трошоците потребни за изработка на скулптурите се реални и објективни.

Доказ 23: Целокупна хронолошка коресподенција со Општина Центар и авторот на „Портата Македонија' скулптор Валентина Стевановска

**Министерството за култура во однос на точката 6.1.1 каде државниот завод за ревизија изнесува став дека проектите кои сеуште се во фаза на изградба извесно е „ е дека МК ќе пристапи кон скучување на дополнителни договори е паушален, и не е поткрепен со аргументи“, ваквата ваша констатација е во спротивност со Законот за јавни набавки, бидејќи не случајно во член 99 законодавецот и соодветно ја регулирал ситуацијата на дополнителни и непредвидени работи, согласно со меѓународните искуства за оваа проблематика. Ваквата ваша констатација во никој случај неможе да се препише како слабост на Министерството за култура во реализацијата на јавните набавки.**

**Врз основа на напред наведеното Министерството за култура, повторно укажува дека изнесената констатација „негативно мислење“, не кореспондира со фактичката состојба за јавните набавки во Министерството за култура.**

**Молиме Државниот завод за ревизија при изработката на Конечниот извештај да ги има предвид и погоре изнесените коментари на Министерството за култура.**

II Нацрт-извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и Ревизија на усогласеност за 2010 година на сметка на основен Буџет

18. Во однос на забелешките под точка 4.1.1, истакнуваме дека извршените исплати по основ на угостителски услуги не се однесуваат на лицето кое патува во странство туку истите се однесуваат на исплати за угостителски услуги за гости на Министерството за култура (уметници,

амбасадори, претставници од министерствата за култура од земјата во која се реализира манифестацијата, новинари и сл), кои учествувале во реализација на манифестациите кои се одржуваа во странство во 2010 година. Напоменуваме дека се работи за поголем број на проекти кои се реализираа во странство заради промоција на македонската култура. Прилог:сметки

**Доказ 24**: Сметки и фактури

19. Во однос на точката 4.3.1 која се однесува на реализацијата на проектот: Изградба на објект Стар театар во Скопје, за авансна исплата на финансиски средства на носителот на работите на изградба на објектот Стар театар во Скопје, го даваме следниов одговор со приложени докази:

Имено, во согласност со изготвената Тендерска документација бр.26-6132/3 од 16.10.2006 година за реализација на овој проект, Министерството за култура претходно, во самата тендерска документација во точката 6.5 има предвидено дека може да се дозволи авансно плаќање согласно со Законот за јавни набавки, а во тој случај извршителот на работите се обврзува да достави претходно банкарска гаранција за износот на примениот аванс.

Ова е предвидено и во членот 26 од приложениот модел на договор кон тендерската документација каде што е дадена можност за сите учесници кои ќе се јават на огласот доколку е побарано, изведувачот на работите задолжително пред исплата на авансот да обезбеди банкарска гаранција во висина на исплатениот аванс и износот не може да биде поголем од 10% од вредноста на договорот.

**Доказ 25**: Извадок од Тендерската документација бр. 26-6132/3 од 16.10.2006 год и извадок од Модел на договор

Овој модел на договор е потпишан од изведувачот на градежните работи кога ја имал доставено својата понуда на јавното отворање и не може дополнително да се менува или дополнува согласно со Законот.

Во овој период, 2006/2007 година, беше во сила претходниот Закон за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр. 19/04) и во член 88 од овој закон е децидно утврдено дека во договорот, а не во образецот на понуда се предвидува давање на банкарска гаранција како средство со кое набавувачот се обезбедува дека понудувачот навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ја изврши набавката. Авансното плаќање се врши во услови кога на пазарот не може да се набават производи и услуги и кога со тоа се постигнува пониска продажна цена. За субјектите од член 1

на овој закон авансот не може да биде поголем од 20% од вредноста на договорот. Набавувачот пред исплата на авансот задолжително обезбедува банкарска гаранција од понудувачот во висина **„на договорениот аванс"**, односно како што се толкува и самата оваа одредба, она што е договорено согласно со потпишаниот модел на договор, а не кон она што требало да го побара во образецот на понуда самиот економски оператор според вашата нотирана забелешка во доставениот Нацрт-извештај.

Ако се погледне тендерската документација, приложениот модел на договор, како и склучениот договор, ќе се види дека Министерството за култура можноста за исплата на аванс ја предвидел претходно во тендерската документација и во приложениот модел на договор за сите учесници кои ќе се јават на огласот и според тоа не можело дополнително да изврши промени во делот на неисплаќање кога тоа е веќе побарано од страна на самиот економски оператор со потпишување на приложениот модел на договор.

Имено, пред исплатата на авансот, самиот изведувач на градежните работи доставил до Министерството за култура Банкарска гаранција за авансно плаќање бр. 6458.7 од 26.01.2007 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје со што се исполнети условите од тендерската документација, склучениот договор и членот 88 став 4 од претходниот важечки Закон за јавните набавки. Извршена е исплата на авансен износ од 10% од вредноста на договорот што влегува во дозволените 20% кои Законот ги предвидува и ги дозволува.

**Доказ 26**: Банкарска гаранција бр. 6458.7 од 26.01.2007 год.

Во конкретниот случај нема повреда на членот 140 точка 5 од ЗЈН („Службен весник на РМ" бр. 136/07, 130/08, 97/2010 и 53/2011) на кој што се повикувате од причина што овој член се однесува на новиот Закон за јавните набавки и се применува во постапки на јавни набавки кои се спроведуваат по неговото влегување во сила на 01.01.2008 година, а оваа постапка на јавна набавка е спроведена и завршена согласно со претходниот важечки Закон за јавни набавки, при што во самиот модел на договор се предвидува барање на дозвола на авансно плаќање и со негово потпишување од страна на економскиот оператор и приложен кон својата понуда, а не истиот да се побара во Образецот на понуда.

Доколку се погледне Образецот на понуда што е изготвен од Бирото за јавни набавки согласно со моделот на Тендерска документација за отворен повик во тој период, ќе се види дека во него самиот законодавец не предвидел место и можност и за побарување на авансно плаќање, туку

предвидел ова законско право да се утврди во тендерската документација и во моделот на договор кон тендерската документација.

**Доказ 27**: Образец на понуда

Имајќи го предвид претходно наведеното, сметаме дека е неоснован ревизорскиот наод којшто е нотиран во точката 4.3.1 од Нацрт-извештајот бидејќи Министерството за култура ниту направило промена на прифатената понуда ниту дозволило и понудило таа да биде променета или дополнета од економскиот оператор, поради што бараме таа да биде отстранета во Конечниот извештај.

Во делот за остатокот на исплата на аванс од 8.000.000,00 денари, ве известуваме дека Министерството за култура пристапило кон исплата на овој износ согласно со Заклучокот на Владата на РМ бр.19-17/116 од 26.12.2007 година, за кој износ Министерството за култура обезбедило и Банкарска гаранција бр. 8738.2 од 26.12.2007 година од изведувачот на работите „Бетон Штип" и за овој исплатен износ има обезбедено гаранција.

**Доказ 28**:Заклучок на Владата на РМ бр.19-17/116 од 26.12.2007 и
Банкарска гаранција бр.8738.2 од 26.12.2007 год.

III Нацрт-извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и Ревизија на усогласеност за 2010 година на сметка на основен Буџет 63119

20. Во однос на забелешките под точката 3.1.1 според која приходот остварен од издавање деловен простор под закуп е приход на Буџетот на Република Македонија и Министерството за култура имаше дилема околу сметката на која треба да се уплатуваат приходите од издавање на недвижни ствари под закуп. Поради оваа дилема, а во врска со членот 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, според кој средствата остварени од продажбата, размената, закупот или давањето на користење на стварите се приход на Буџетот на РМ, доставивме допис до Министерството за финансии за мислење. Министерството за финансии достави мислење бр. 07-18911/2 од 27.09.2006 година во кое укажа дека со оглед на тоа што Министерството за култура има право на користење на просторот, средствата остварени од закуп на просторот се приход на Министерството за култура.

**Доказ 29**: Мислење од Министерството за финансии бр. 07-18911/2 од 27.09.2006 год.

РЕЗИМЕ

Министерството за култура во изминатиот период покрај неговите редовни надлежности утврдени во член 26 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00 и 44/02) и во позитивните законски прописи од областа на културата, реализираше и бројни капитални проекти кои значеа збогатување на постојната инфраструктура со нови градби и со културни содржини кои ќе придонесуваат кон збогатување на културниот живот во Република Македонија.Реализацијата на ваков вид на градби и во таков обем досега не е спроведен во РМ. Оваа задача за Министерството за култура претставуваше особен предизвик, пред се заради можноста да се остварат долгорочните заложби на сите учесници во културниот живот за достојна инфраструктура како основа за создавање на врвни културни вредности.Во насока на реализација на наведената заложба Министерството за култура со особена внимателност, посветеност, доследно почитување на законската регулатива и рационалното користење на буџетските средства ги реализирше наведените проекти. При тоа процесот на реализација беше проследен со максимално респектирање на сите меѓународни стандарди и нормативи од областа на градежништвото.

Доплнителна тешкотија во реализацијата претставуваше и тоа што се реализираа градби кои по својата конструкција и намена се особено специфични и за кои во Република Македонија не постоеа ниту практични, а за дел од нив ниту теоретски искуства. Во вакви услови Министерството за култура остварувше и дополнителни стручни консултации со странски експерти.Благодарение на огромната посветеност на вработените во Министерството за култура се реализраа и градби како „Спомен Куќа на Мајка Тереза"-Скопје, „Спомен куќа на Тодор Проески"-Крушево, Музејски комплекс„Музеј на македонската борба"-Скопје, кои со своите архитектонски вредности веќе се етаблираа во современите достигнувања во архитектурата на меѓународно рамниште.За врвните културни содржини кои се реализираат во наведените објекти зборува нивната огромна посетеност.

Министерството за култура и во следниот период ќе продолжи со реализацијата на објектот на Стариот театар во Скопје, Македонската филхармонија, Театарот во Велес и сите други објекти кои тековно се реализираат.

Во прилог на фактот дека Министерството за култура наведените градби ги реализирше со доследна примена на законската регулатива зборува и податокот дека во многу наврати оствари и непосредна усна и

писмена комуникација со Бирото за јавни набавки, како дополнителна помош во преиспитување на правните ставови по одредени прашања.

На увид на ревизорите беше дадена обемна и систематизирана документација за сите јавни набавки на Министерството за култура.

Министерството за култура е секогаш отворено за соработка и забелешките укажани за неговата работа кои се аргументирани секогаш ги прифаќа добронамерно, ценејќи дека истите може да придонесат кон подобрување на работата на Министерството.

Но забелешките изнесени во Нацрт-извештаите на Дражавниот завод за ревизија-Скопје не се прифатливи за Министерството за култура .Квалификацијата дека Државниот завод за ревизија изразува „негативно мислење" како генерална оценка за целокупната работа на Министерството за култура, на целокупната реализација на оваа вредна заложба на Министерството за култура и дава една сосема друга димензија, како за Министерството култура, така и за пошироката јавност која изрази огромна радост и задоволство под однос на предметните градби.

Министерството за култура уште еднаш потенцира дека дел од забелешките изнесени во Нацрт-извештаите се во функција на потребата од подобрување на законската регулатива, бидејќи позитивностите и слабостите во практичната реализација на законската регулатива можат да се согледаат исклучиво преку нејзината практична имплементација.

Во оваа насока замолуваме наведените коментари дадени од Министерството за култура да бидат детално проучени од ревизироте и да се изгради став и квалификација за работата на Министерството за култура што ќе кореспондира со фактичката состојба на примената на законската регулатива при реализацијата на јавните набавки.

Напоменуваме дека вашата генерална констатација за „негативно мислење" како генерална оценка за целокупната работа на Министерството за култура, ќе фрли сомнеж и мислење кај пошириката јавност дека реализацијата на сите капитални инвестиции се спроведувала спротивно на Законот и останатите прописи. Дел од овие капитални ивестици се готови и истите можете да ги посетите за да увидите колкав труд е вложен во реализација на истите. Затоа, би ја запрашале Комисијата што вршеше ревизија на целокупното работење во Министерството за култура да ни одговори дали во Министерствто за култура се почитувале и доследно применувале законите.

Министерството за култура смета дека во Одговорот во врска со нацрт-извештаите се дадени аргументирани образложенија и се приложени докази кои ќе ги прифатите во Конечниот извештај.

Со почит,

МИНИСТЕР,
м-р Елизабета Канческа-Милевска

**Подготвија:**
Л. Лазарова
В. Илиевска
С. Ристовска
Ѓ. Трајковска

**Прилог 2**

**Одговор на забелешки**
**по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 07.11.2011 година под архивски број 21 130/7 добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Овластениот државен ревизор од Министерството за култура, сметка на основен буџет 637-12. Забелешките се разгледани од страна на ревизорскиот тим и по истите е констатирано следново:

1. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.1. од Нацрт извештајот во врска со недонесената Национална програма за културата обврска која е утврдена со член 9 од Законот за култура (Сл. Весник на РМ 66/2003, 82/2005 и 24/2007) што предизвикува недостаток на прецизни насоки при одлучувањето за изборот на проекти и не воспоставувањето на мерливи критериуми врз основа на кои ќе може да се спроведе бодовно вреднување на проектите **не се прифаќа** од причини што не се доставени нови информации кои би придонеле за промена на изнесеното во наодот и истата претставува објаснувања за активности кои ќе следат и со кои ќе се надминат констатираните слабости.

2. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.2. од Нацрт извештајот во врска со недоставените докази за регулирани авторски права од страна на дел од лицата кои добиле поддршка со Годишната програма за финансирање на програмите и проектите од национален интерес на МК **не се прифаќа** од причини што изнесеното не содржи информации кои не ни беа познати во моментот на вршењето на ревизијата.

3. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.3. од Нацрт извештајот во врска со направените промени на поддржаните проекти со Годишната програма на МК во однос на проектите содржани во предлог Годишната програма изработена од страна на комисиите формирани од страна на МК за избор на најсоодветни проекти **не се прифаќа**. Измените на доставениот предлог на Годишната програма како и по добиените жалби се направени без соодветно образложение што не обезбедува јавност и транспарентност во процесот на распределба на средствата, а воедно се доведува и во прашање потребата од формирање на комисии и распишување на конкурс. Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2010 година објавен на веб страната на МК не дава можност за вложување на жалби од страна на незадоволните учесници. Во интерес на објективноста должни сме да известиме дека од страна на одговорните во МК ни беше доставен втор текст на истиот конкурс во електронска форма, во кој е содржано единствено правото на приговор до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од

областа на образованието, наука и култура.

4. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.4. од Нацрт извештајот во врска со непостоењето на одредби за намената на средствата во склучените договори со носителите на проектите поддржани со Годишната програма на МК **не се прифаќа,** од причини што истата не изнесува дополнителни аргументи кои би ја промениле состојбата утврдена со наодот.

5. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.5. од Нацрт извештајот во врска со констатацијата на ревизијата дека вонбуџетските здруженија – носители на проекти не доставиле доказ дека при реализација на одобрените проекти постапиле согласно со одредбите на ЗЈН, на што се обврзани согласно членот 5 од истиот закон, **не се прифаќа**, од причини што со изнесеното се потврдува констатацијата на ревизијата.

6. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.6. од Нацрт извештајот во врска со нецелосно доставената документација од страна на издавачки куќи кои се поддржани со средства во Годишната програма на МК **не се прифаќа** поради тоа што согласно одредбите на Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес не е дозволено разгледување на нецелосни, несоодветно пополнети и задоцнети пријави.

7. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.7. од Нацрт извештајот во врска со воспоставениот систем на контрола кој не обезбедува целосно уверување во поглед на почитувањето на одредбите од договорите со носителите на проектите во врска со печатењето договорениот тираж и доставувањето на соодветниот број на примероци од отпечатеното дело до МК **не се прифаќа** од причини што забелешката се однесува на елементи кои и беа познати на ревизијата и не ја менуваат состојбата утврдена со наодот.

8. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.8. од Нацрт извештајот во врска со исплатата на средства за членовите на Советот за македонски јазик, комисијата за лекторски испити и огласи во дневниот печат од средствата предвидени за реализиацција на програмата за издавачка дејност, **не се прифаќа**, поради тоа што истата претставува известување за активностите во насока на надминување на констатираната состојба.

9. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.1.9. од Нацрт извештајот во врска со финансирањето на магистерски и докторски трудови **не се прифаќа** од причини што стипендирањето на постдипломски студии како и магистерски и докторски трудови е дејност која е во надлежност на Министерството за образование и наука.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ________________ ________________________
2. ________________
3. ________________

10. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.2.1. **се прифаќа** и во Конечниот извештај во оваа точка се додава реченицата „Одговорните лица во МК имаат воспоставено помошна евиденција во која се евидентираат сите договори кои произлегуваат од Годишната програма на МК по дејности и склучените договори за капиталните проекти.“ Реченицата „и да ја усогласи состојбата на евидентираните доспеани обврски со пријавените во Министерството за финансии“ во препораката по овој наод се брише.

11. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.3.1. од Нацрт извештајот во врска со пролонгирањето на роковите за извршување на работите поврзани со реализацијата на проектите на кои работи МК, евалуација на критериумот квалитет врз основа на елементи кои не го гарантираат квалитетното извршување на работите и исполнување на престроги услови во поглед на економско-финансиската и техничката способност на заинтересираните економски оператори со што се загрозува конкурентноста **не се прифаќа**.

    - Во врска со забелешката по алинеја 1 од оваа точка, МК ја има препознато спецификата која го следи овој тип на работи и во текот на 2010 година најголем дел од постапките за јавни набавки ги има спроведено и евалуирано без да го употребува рокот за извршување на работите како елемент на понудата.
    - Во врска со забелешката по алинеја 2 од оваа точка, Министерството нема направено дистинкција помеѓу критериумите за утврдување на способноста на економските оператори да ја извршат бараната работа и критериумите за доделување на договор за јавна набавка, при што истите не треба да се комбинираат и да се користат и како критериум за утврдување на способноста и како критериум за доделување на договор за јавна набавка, што е направено од страна на МК. МК не извршило бодирање на квалитетот на материјалите што во неколку случаи, поради неквалитетен материјал, довело до склучување на анекс договори за вршење на дополнителни и непредвидени работи, што влијаело и на зголемување на финансиските средства потребни за реализација на проектите.
    - Во врска со забелешката по алинеја 3 од оваа точка, МК не постапило во согласност со членот 144 став 2 од ЗЈН во кој е наведено дека договорниот орган не смее да бара исполнување на одредени минимални услови во врска со економската и финансиската состојба и со техничката или професионалната способност на економските оператори, кои се непропорционални на предметот на договорот за јавна набавка.

    Искажаните ревизорски наоди имаат за цел подобрување на сите фактори кои се релевантни за успешно и несметано функционирање на државните институции.

---

| *Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор* |
| --- | --- |
| *1.* ________________ | ________________________ |
| *2.* ________________ | |
| *3.* ________________ | |

12. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.3.2. од Нацрт извештајот во врска со извршената набавка на восочни фигури за Музејскиот комплекс „Македонска Борба“ **се прифака,** поради дополително доставена документација и состојбата утврдена во точката 4.3.2 не е составен дел на конечниот извештај.

13. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.3.3. од Нацрт извештајот во врска со склучениот договор за дополнителни непредвидени работи за објектот Македонска Филхармонија **не се прифаќа**. Неспорејќи ја потребата од дополителна статичка безбедност на објектот и ангажирање на експерт за акустика кој дал свои мислења, забелешки и сугестии, овие активности требало да бидат спроведени во фазата на изработката на проектната документација врз основа на која е спроведена постапката за јавни набавки.

14. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.3.4. од Нацрт извештајот во врска со ангажманот на експерт за акустика и спроведената јавна набавка поврзана со ова **не се прифаќа** поради тоа што од известувањето кое МК го има добиено од проектантското биро кое работело на изработка на проектната документација за објектот на Македонската филхармонија посоченото лице и фирмата од СР Германија која е избрана со постапката за јавни набавки, а во која истото лице е вработено, активно работеле на овој проект пред да се распише постапката за јавни набавки и да се склучи договор, за што доставиле и извештај со прелиминарни забелешки на проектот со одредени решенија во насока на решавање на констатираните проблеми.

15. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.3.6. од Нацрт извештајот во врска со склучен Анекс договор за пролонгирање на рокот за изградба на Театарот во Велес **не се прифаќа** од причини што склучениот Анекс не содржи одредби за промена на позиции и количини кои произлегуваат како резултат на констатираните пропусти во проектната документација, недефинирана висинска кота на објектот, не изработен проект за проширување на сутерен и др. Во наодот не е искажана констатација дека МК со склучени анекс договори за дополнителни работи го има надминато лимитот од 30% од вредноста на Основниот договор за изградба на објектот Театар Велес.

16. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.3.7. од Нацрт извештајот во врска со отстапувањето на 20% од тиражот од проектот Издавање на дела од добитници на Нобелова награда **не се прифаќа** бидејќи истата претставува известување за надминување на констатираните состојби што е во согласност со препораката која е дадена во Нацрт извештајот.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ________________ ____________________________
2. ________________
3. ________________

17. Забелешката која се однесува на наодот во точката 4.3.8. од Нацрт извештајот во врска со измената на избраното идејно решение за скулптурата „Порта Македонија“ **не се прифаќа** од причини што МК не достави документација со која ќе го потврди тврдењето дека трошоците потребни за изработка на рељефите за скулптурата по извршената измена на оригиналното идејно решение се реални и објективни.

18. Забелешката која се однесува на наодот во точката 6.1.1. од Нацрт извештајот во врска со извесноста на намерите на МК да ги комплетира започнатите, а сеуште недовршени објекти **не се прифаќа.** Оваа констатација на ревизијата не влијае врз изразеното мислење во Нацрт извештајот.

19. Поради материјалноста на ефектите од наодите изнесени во точката 4.2. кои се однесуваат на нецелосно евидентирани доспеани обврски на МК на ден 31 декември 2010, во Конечниот извештај од извршената ревизија, не изразуваме мислење за усогласеноста со законите и прописите на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за култура - сметка на основен буџет 637-12.